**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Самостојно одделение за стратешко планирање**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА

**февруари 2025 година**

# СОДРЖИНА

1 ПРОГРАМИ ..... 4
2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ..... 7
2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ ..... 8
2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА ..... 8
2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ ..... 24
2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ ..... 39
2.1.4 ПРОГРАМА: ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ..... 51
2.1.5 ПРОГРАМА: ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ..... 59
2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕУ ..... 66
2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 84
2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ..... 102
2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2024 година ..... 106
2.3 Оценка на спроведувањето на другите активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа ..... 115
3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 122
3.1 Извештај за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2024 година ..... 122
3.2 Извештај за реализацијата на Годишниот план за обуки ..... 123
4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ ..... 123
5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ..... 124

# ВОВЕД

Главна цел на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија, а притоа и да креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем кој ќе стимулира фер и одржлив економски раст во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинира среднорочната фискална и макроекономска политика и Стратегијата за управување со јавен долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата доделени од Европската Унија и го координира исполнувањето на обврските што произлегуваат од програмата НПАА и другите стратешки документи за европска интеграција.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки и јавната внатрешна финансиска контрола, а воедно се поврзани и со активности во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување перење пари и финансирање тероризам.

Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотноправни работи, сите како органи во состав на Министерството за финансии.

# 1 ПРОГРАМИ

Во текот на 2024 година, активностите на Министерството за финансии беа насочени кон остварување на стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за интензивирање на процесите за интеграцијата во ЕУ, справување со светската енергетска криза и пандемијата, постигнување долгорочен и одржлив економски раст, одржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, подобрување на наплатата на приходите и рационално и наменско трошење на јавните средства, што ќе придонесе за подобрување на животниот стандард на населението.

Во рамките на своите законски надлежности, Министерството за финансии во 2024 година ќе ги реализира следните програми со мерки и активности коишто се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024 -2028 година (објавено во „Службен весник на РСМ“, бр177/24):

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и на влијанието на климатските промени;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники;
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Со цел остварување на наведените стратешки приоритети, Министерството за финансии презема мерки што ќе придонесат за нивна реализација, притоа дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;
- подобрено управување со јавните финансии преку фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;

- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи;
- подобрено управување со јавните финансии преку фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и на инвестициите;
- воведување буџетско финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ – клучни индикатори за успешност);
- ефикасна координација на програмирањето, искористувањето, следењето, известувањето, евалуацијата и обуката за зајакнување на капацитетите за спроведување на ИПА 2 и ИПА 3 и друга странска помош;
- стручна, професионална и департизирана администрација;
- спроведување политика за задржување на кадарот кој работи на процесот на евроинтеграција и пристапни преговори, како и на структурата за ИПА за ефикасно и квалитетно управување и координација на процесот на преговори и на европските фондови;
- зајакнување на човечките капацитети на секторите/одделенијата во сите министерства и органите на државната управа, кои работат на процесот на интеграција на земјата во Европската Унија;
- одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;
- дигитална поврзливост и инфраструктура за ИКТ (обезбедување гигабајтно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на владина инфраструктура за ИКТ и развој на Национална образовна инфраструктура за ИКТ);
- зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, финансиската инспекција во јавниот сектор, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво;
- унапредување на соодветната и правична застапеност во органите на државната управа и зајакнување на координацијата при изработката на годишните планови за вработување.

Со Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2024 година предвидено е да се имплементираат вкупно 8 програми, и тоа:

- **ПРОГРАМА: Администрација и поддршка**
    - Потпрограма: Правни работи
    - Потпрограма: Општи работи
    - Потпрограма: Човечки ресурси
    - Потпрограма: Финансиски прашања
    - Потпрограма: Внатрешна ревизија
    - Потпрограма: ИК технологија и дигитализација
    - Потпрограма: Стратешко планирање

- Потпрограма: Академија за јавни финансии

- **ПРОГРАМА: Економска политика и развој**
  - Потпрограма: Макроекономски политики
  - Потпрограма: Развојни проекти
  - Потпрограма: Економски форум
  - Потпрограма: Унапредување на фискалната децентрализација
  - Потпрограма: Ефективни инструменти согласно планот за забрзан економски раст

- **ПРОГРАМА: Буџет, трезор и јавен долг**
  - Потпрограма: Буџети и фондови
  - Потпрограма: Трезор
  - Потпрограма: Управување со јавен долг

- **ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика**
  - Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи
  - Потпрограма: Даночна политика
  - Потпрограма: Царинска политика

- **ПРОГРАМА: Финансиски систем**
  - Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции
  - Потпрограма: Пазар на капитал
  - Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања
  - Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри
  - Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување

- **ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија**
  - Потпрограма: Управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА
  - Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)
  - Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција
  - Потпрограма: Меѓународни финансиски односи
  - Потпрограма: Управување со јавни инвестиции

- **ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор**
  - Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола
  - Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор

- **ПРОГРАМА: Управување со државни средства**
  - Потпрограма: Нормативно имотноправни и облигациони работи
  - Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците

# 2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Поради вонредните околности поврзани со светската енергетска криза, воените конфликти и економско-финансиската состојба во земјава како резултат на ценовната криза, изборниот процес и измената на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 - 2028 година, дел од планираните мерки и активности не можеа да бидат реализирани во предвидените рокови во Годишниот план за 2024 година и тие се пренесени во Годишниот план за 2025 година. Притоа, реализирани се 52 активности кои не беа планирани во Годишниот план за 2024 година.

| Програми | Планирани активности | Реализирани активности | Одложени/нереализирани активности | Непланирани активности | Вкупно по програми |
|---|---|---|---|---|---|
| Администрација и поддршка | 58 | 56 | 2 | / | 58 |
| Економска политика и развој | 45 | 32 | 13 | / | 45 |
| Буџет, трезор и јавен долг | 69 | 63 | 6 | 9 | 78 |
| Даночна и царинска политика | 21 | 13 | 8 | 14 | 35 |
| Финансиски систем | 34 | 24 | 10 | / | 34 |
| Меѓународни финансии и соработка со ЕУ | 40 | 34 | 6 | 19 | 59 |
| Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор | 22 | 19 | 3 | 6 | 27 |
| Управување со државни средства | 19 | 19 | / | 4 | 23 |
| Вкупно | 308 | 260 | 48 | 52 | 360 |
| % | 100 | 84,4% | 15,6% | 16,9% | |

## 2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

### 2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="3">– Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="3">– Административна и информатичка поддршка на Министерството во насока на непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, подготовка за изготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа, месечни, квартални и годишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии, Извештај за остварени резултати од спроведувањето на стратешките приоритети, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки, изготвување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и изготвување акти за канцелариско и архивско работење</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br>2.1.1 Програма: Администрација и поддршка</td><td colspan="2">Цел на програмата:<br>Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, постапување по барања на подносителите на барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите со кои има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии како и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии, како и спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци од областа на јавните финансии</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за прани работи<br>– Сектор за општи работи<br>– Сектор за управување со човечки ресурси<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Сектор за ИК технологија и дигитализација<br>– Одделение за стратешко планирање<br>– Сектор Академија за јавни финансии</td></tr>
<tr><td>2.1.1.1 Потпрограма: Правни работи</td><td colspan="2">Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори, донесени решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за правни работи</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>Реализација на Годишен план за јавни набавки</td><td>Процент на реализација на Годишниот план за јавни набавки и обезбедување на потребите стоки/услуги/работи за непречено функционирање на институцијата</td><td></td><td>Реализација на Планот за јавни набавки за 2024 година: објавени огласи - 73</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесување решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | Донесени управни акти во првостепена управна постапка и доставување до барателите и до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер | Континуирана соработка со секторите во Министерството за финансии и органите во состав | По сите предемти се постапува навремено и во законскиот рок |
| Изготвување Годишен извештај согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Се изготвува согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е изготвен во предвидениот законски рок | Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е изготвен во законскиот рок и доставен до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| Давање мислења по закони, подзаконски акти и други прописи што се во надлежност на Министерството, мислења по законски и подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и други органи на државната управа, мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законите и подзаконските акти во надлежност на Министерството | Реализаирани 165 предмети | Се даваат мислења по доставените барања од страна на физички и правни лица | Сите предмети се реализирани |
| Давање одговори на тужби, жалби и други правни лекови, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ | | | По сите судски предмети од надлежност на секторот се постапува навремено и тековно |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| 2.1.1.2 Потпрограма: Општи работи | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | Одговорен:<br>- Сектор за општи работи |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Следење и реализација на договори за јавни набавки, договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР | Договорите се реализираат во согласност со одредбите предвидени во договорите | Склучените договори во согласност со ГПЈН се реализираат и следат континуирано. По потреба се спроведуваат постапки по договори кои се по исклучок од ЗЈН. По потреба се спроведуваат постапки по договори склучени преку СОЗР | |
| Подготовка на акти за канцелариско и архивско работење | 1. Изготвување/подготовка на Решение за определување на видот на предметите за кои се води попис на документи/записи - Се наведуваат документите, односно записите од ист вид што произлегуваат во поголем обем и за кои се води попис<br>2. Изготвување/подготовка на План на архивските знаци - Се изготвува согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерството за финансии<br>3. Изготвување/подготовка на Листа на документарен материјал со рокови за негово чување - Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување | 1. Се даваат информации за документите, односно записите што произлегуваат во поголем обем и кои ќе се водат во попис на документи/записи<br>2. Се даваат информации за архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерството за финансии<br>3. Се даваат информации за документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување | 1. Доколку ваквите документи, односно записи од ист вид, што произлегуват во поголем обем не се водат во попис на документи, ќе дојде до голема оптовареност на другите деловодници<br><br>2. Планот за архивски знаци се носи на крајот на секоја календарска година за наредната година, согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење. Доколку не се донесе, ризикот е непочитување на Уредбата. Над оваа активност надзор врши Државниот архив на Република Северна Македонија<br><br>3. Листата се носи на крајот на секоја календарска година за наредната година, врз основа на Планот, а согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење. Доколку не се донесе, нема да се знае кој документ колку време се чува, а ризикот е непочитување на Уредбата. Надзор над тоа врши Државниот архив на Република Северна Македонија |
| Следење на Одлуката за определување корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење | По донесување на Одлуката број 41-1678/20 од 29.3.2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 75/2023) за определување корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | користење, во 2024 година беа изготвени 16 нови решенија за вработените во МФ за користење службени мобилни телефони | | |
| Следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот) и на техничката исправност на опремата и инвентарот во зградата на Министерството | Во текот на 2024 година беа реализирани повеќе договори склучени по ГПЈН за 2023 и 2024 година во врска со одржување на движниот и недвижниот имотот на Министерството и техничката исправност на опремата и инвентарот во зградата на Министерството:<br>1. Договор за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на инвентарот и на составните делови на објектот на Министерството за финансии 2023 година<br>2. Договор за јавна набавка на стоки - канцелариски столчиња 2023 година<br>3. Договор за јавна набавка на стоки - Одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава за пожар и влага 2023 година<br>4. Договор за јавна набавка на услуги - Обезебдување на имотот 2023 година<br>5. Договор - одржување и сервисирање на електроенергетскиот развод и осветлување на зградата (Дел1 - Одржување и сервисирање на мрежен агрегатски развод и громобранска опрема) 2024 година<br>6. Договор за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на водоводот, канализацијата и системот за санитарна вода 2023 година<br>7. Договор за испорака и монтажа на батерии за УПС 2023 година<br>8. Договор за јавна набавка на услуги - одржување на лифтовите во Министерството за финасии 2023 година<br>9. Осигурување на недвижен имот стекнат во стечајни/извршни постапки 2023 година<br>10. Договор за гориво за службените возила 2023 – 2024 година | Согласно склучените договори, движниот и недвижниот имот на Министерството за финансии се одржува континуирано, а воедно се води и грижа за техничката исправност на опремата и инвентарот во зградата на МФ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 11. Договор за јавна набавка на услуги - одржување на дизел-агрегат<br>12. Договор ја јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на контролата на пристап и работно време во зградата на МФ<br>13. Осигурување на зградата на Министерството за финасии<br>14. Миење на службените моторни возила 2023 – 2024 година<br>15. Одржување и сервисирање на противпожарните апарати и опрема<br>16. Одржување и сервисирање на контролата на пристап и работно време (одржување и сервисирање на контролата на пристап и работно време за подрачните одделенија на Управата за имотноправни работи)<br>17. Договор за јавна набавка на стока - потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии<br>18. Договор за одржување на трафостаницата на Министерството за финасии 2023 – 2024 година<br>19. Договор за одржување на хортикултурното уредување во зградата на Министерството за финасии 2023 – 2024 година<br>20. Договор за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на системот за греење, ладење, вентилација (HVAC) 2023 – 2024 година<br>21. Договор за јавна набавка на услуги - Одржување на системот за видеонадзор<br>22. Договор за јавна набавка на услуги - технички преглед и регистрација на службените моторни возила 2023 – 2024 година<br>23. Договор за осигурување на службените возила 2023 – 2024 година<br>24. Договор за каско осигурување на дел од службените возиа 2023 – 2024 година | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 25. Договор за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на системот за контролирано ладење во сервер-сала<br>26. Договор за јавна набавка на услуги - одржување и поправка на службените моторни возила<br>27. Договор за јавна набавка на стоки - метални ормани и бироа (дел 1 - набавка на метални ормани)<br>28. Договор за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на аудиовизуелната опрема 2023 – 2024 година<br>29. Договор за јавна набавка на услуги - Осигурување на имотот на градинката и објектите за одмор во Крушево и Дојран 2023 – 2024 година<br>30. Договор за јавна набавка на стоки - автомобилски гуми<br>31. Договор за јавна набавка на стоки - електрична енергија<br>32. Рамковна спогодба за јавна набавка на стоки - потрошни материјали за одржување хигиена 2023 – 2024 година | | |
| Преведување закони и подзаконски текстови и други пишани материјали, исклучиво од делокругот на работа на Министерството, од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно | Извршен превод и лекторирање на закони и подзаконски текстови и други пишани материјали од областа на работењето на МФ и поврзани со работата на МФ | Навремено, уредно и прецизно преведени, лекторирани и доставени материјали | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– Сектор за управување со човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Реализација на Годишен план за вработување | Донесување на Годишниот план за вработување за 2025 година во предвидениот рок | Годишниот план за вработување на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |
| Реализација на Годишен план за генерички обуки на административни службеници | Донесување на Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | Дел од вработените посетуваа генерички обуки согласно годишниот план |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.4 Потпрограма: Финансиски прашања** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Целта на програмата/потпрограмата „Финансиски прашања“ во рамки на Министерството за финансии е да обезбеди финансиска стабилност и ефикасно управување со јавните средства, со акцент на редовно и навремено сервисирање на сите финансиски обврски на Министерството. Ова вклучува задолжително плаќање на долговите и обврските кон давателите на услуги, како и обезбедување ликвидност за реализација на планираните активности. Клучен аспект на програмата е подготовката на Завршната сметка на Министерството за финансии, која овозможува преглед на фискалната позиција на Министерството, како и изработката на основни сценарија за приходи и расходи, како и на предлог-буџетот | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски прашања |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии | Прием на влезни фактури преку архивата на Министерството за финансии, вклучувајќи и фактури кои се однесуваат на 34 подрачни одделенија на МФ.<br>Редовно и навремено сервисирање на сите обврски на Министерството, со исполнување на сите задолжителни плаќања согласно договорените услови и рокови | Во текот на годината се врши навремено сервисирање на обврските согласно добиената документација и во предвидените рокови. Сепак, во одредени случаи постојат мали задоцнувања, но тие немаат значително влијание врз целокупниот процес | Нема позначајни одложувања или проблеми во сервисирањето на обврските. Финансиските обврски согласно договорените услови се главно исполнети, а задоцнувањата што се случиле се минимални и не предизвикале нарушување на тековните операции. Со цел подобрување на ефективноста, во тек се активности за дополнителна автоматизација на процесот на прием и обработка на фактури |
| Учество во реализацијата на проектот „Купи куќа, купи стан“ | Прием на документација за исплата, која вклучува: Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенции и Известување за исплата на субвенција.<br>Навремена и точна обработка на примената документација и исплата на субвенциите согласно одобрените услови и предвидените рокови | Процесот на исплата се одвива навремено, согласно добиената документација за исплата (Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенција и Известување за исплата на субвенција), и нема поголеми задоцнувања во реализацијата. Сепак, постојат области за подобрување во ефективноста и брзината на обработка | Ризик кој може да влијае врз успешното спроведување на активноста е недоволен број вработени во Одделението за сметководство и плаќање, што може да доведе до забавување на процесот на обработка и исплата на субвенциите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување попис на средствата и изворите на средства на Министерството | Усвојување на Извештајот за извршениот попис на средствата и на изворите на средства<br>Евидентирање на промените од пописот во програмата за основни средства со цел целосно ажурирање на податоците | Врз основа на извештаите од комисиите, изготвено е Решение за усвојување на Извештајот за попис на средствата и на изворите на средства | Ризик што може да влијае врз успешното спроведување на активноста вклучува оштетени или неозначени баркод-лепенки со инвентарни броеви на дел од основните средства, што може да го отежне точното идентификување и евидентирање на средствата. Дополнително, постои ризик во однос на стручноста и ажурноста на членовите на пописните комисии, што може да влијае врз точноста на пописот. За да се минимизираат овие ризици, потребно е да се обезбедат дополнителни обуки за членовите на пописните комисии и да се изврши проверка и замена на оштетените баркод-лепенки пред започнување на пописот |
| Завршна сметка на Министерството за финансии | Изготвување на Завршната сметка на Министерството за финансии и навремено доставување до Централниот регистар и Државниот завод за ревизија<br>Завршната сметка за 2023 година е изготвена и доставена до надлежните институции, а процесот на подготовка на Завршната сметка за 2024 година треба да започне и заврши согласно законските рокови | Завршната сметка за 2023 година е изготвена и доставена до Централниот регистар и Државниот завод за ревизија согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Процесот на подготовка на Завршната сметка за 2024 година е започнат и се очекува да биде завршен согласно роковите | Во текот на годината се следат сите потребни податоци за подготовка на Завршната сметка и нема забележителни отстапки, со одредени исклучоци.<br>Ризиците што може да влијаат врз успешната реализација на активноста вклучуваат ненавремено доставување на Извештајот од страна на пописните комисии, што може да го одложи процесот на финализирање на Завршната сметка. Дополнително, постои ризик од неможност за усогласување на фактичката состојба со сметководствената состојба поради ненавремено доставување на сите релевантни податоци за усогласеноста на податоците помеѓу материјалната и сметководствената состојба од страна на пописните комисии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | Утврдување на среднорочните расходи и приходи од „вообичаените надлежности“, кои произлегуваат од постојното законодавство, постојните обврски и задачи<br>Предлагање нови проекти и финансиски обврски, како и разработка на основно сценарио за 2024 година со вклучување на најновите економски и фискални параметри | За изработката на сценариото се користат податоци од организационите единици на Министерството за финансии, органите во состав и проектните единици, кои доставуваат предлози за буџетски средства до Секторот за финансиски прашања (СФП) Дополнително, се анализираат податоците за реализацијата на буџетските средства од претходниот период, што претставува појдовна основа за формирање на сценариото за идната година | Ненавремено добивање предлози од надлежните организациони единици во рамки на МФ, што може да го забави целокупниот процес на изработка на сценариотоДополнителен ризик претставува поднесувањето барања за вклучување на потребните средства по истекот на предвидените рокови, што може да резултира со неефикасно планирање и распределба на ресурсите. Овие одложувања може да го нарушат процесот на буџетирање и да влијаат врз навременото исполнување на буџетските обврски<br>За да се минимизираат овие ризици, потребно е навремено координирање и комуникација со сите вклучени страни |
| Изработка на Предлог-буџетот на Министерството за финансии | Собирање податоци и изработка на анализа за извршувањето на буџетот на Министерството за финансии<br>Доставување на Предлог-буџетот на Министерството за финансии до Секторот за буџети и фондови | Во јули беше испратено циркуларно писмо до сите организациони единици на Министерството за финансии и органите во состав на Министерството под раздел 09001 и врз основа на нивните предлози беа собрани податоци за изработка на Предлог-буџетот. Податоците беа навремено обезбедени и Предлог-буџетот беше доставен до Секторот за буџети и фондови | Ризик кој може да влијае врз успешното спроведување на активноста е ненавремено или недоволно добивање точни и реални предлози од надлежните организациони единици. За да се минимизираат овие ризици, треба да се јасна временска рамка за доставување на предлозите и да се обезбеди редовно координирање и комуникација со сите организациони единици во Министерството за финансии<br>Навременото обезбедување точни податоци ќе овозможи поефикасно составување на буџетот, а истовремено ќе гарантира транспарентност во процесот |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Воспоставувување и екипирање на Одделението за програмско буџетирање, планирање, извршување и контрола | Програмското буџетирање се базира на анализа на приходите и расходите. Тоа е веќе регулирано во процесите на буџетска координација, а функциите за контрола се вклучени и во тековните активности на контрола на буџетските извршувања Одделението за буџетска координација може да ги исполни новите барања поврзани со програмското буџетирање. Дополнително, оваа структура претставува вграден дел во постојниот буџетски процес, а тоа значи дека многу поефикасно ќе биде да се развие и надогради ова одделение, отколку да се формира ново | Одделението за буџетска координација веќе ги покрива клучните аспекти на буџетското планирање, координација и следење на извршувањето на Буџетот Воспоставувањето на ново одделение за програмско буџетирање може да резултира со дуплирање на функциите и несоодветно распоредување на ресурсите, а тоа може да создаде проблеми со координацијата и да го намали вкупниот капацитет за ефективно извршување на задачите | Постоечкото одделение може да се реорганизира или дополнително да се екипира за да ги покрие новите задачи, што ќе доведе до поефикасна организација без потреба од значителни структурни промени. Дополнително, дел од одредбите од Законот за буџети имаат одложена примена и тие ќе важат од 1.1.2026 година |

| **2.1.1.5 Потпрограма: Внатрешна ревизија** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за внатрешна ревизија |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, согласно годишните планови за внатрешна ревизија | Реализирање на единаесет (11) ревизии предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Реализирани се девет (9) внатрешни ревизии во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање, додека две (2) ревизии, во Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, беа започнати во 2024 година, а ќе бидат довршени во првиот квартал од 2025 година | Поради одлив на кадар од Секторот за внатрешна ревизија и измена на Годишниот план за внатрешна ревизија на МФ за 2024 година по барање на раководството на МФ, даден е приоритет на ревизиите во МФ, а оттаму произлезе пролонгирањето на почетокот на ревизиите во Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити<br>Согласно Годишните планови за внатрешна ревизија за 2025 година на СУНР и ФОД, започнатите ревизии во 2024 година ќе бидат довршени во првиот квартал од 2025 година |
| Изготвување годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување на шест (6) годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Изготвени се шест (6) годишни извештаи за активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити<br>Извештаите се изготвени навремено и во согласност со правната регулатива | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија согласно правната регулатива | Изготвени се стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити<br>Стратешките планови се изготвени навремено и во согласност со правната регулатива | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.1.1.6 Потпрограма: ИК технологија и дигитализација** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ИСО-стандард/код 27002: 2013 за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите | | **Одговорен:**<br>– Сектор за ИК технологија и дигитализација |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти | Континуирана функционалност на инфраструктурата за ИКТ и континуитет на бизнис-процесите | Следење на серверите и работните станици, апликативните решенија и континуитетот на бизнис-процесите | Континуирано |
| Професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со финансии | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Управување со привилегиран пристап (PAM) | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Целосна надградба и редизајнирање на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Развој и имплементирање на ИФМИС | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Услуга за управување со Компјутерска безбедност со што дополнително ќе се провери безбедноста на системот за ИКТ | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.7 Потпрограма: Стратешко планирање** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Самостојно одделение за стратешко планирање |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2024 – 2026 година<br>Активности:<br>– Донесување и објавување на Стратешкиот план на веб-страницата на МФ | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Стратешки план за 2024 – 2026 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Стратешкиот план за 2024 – 2026 година | Стратешкиот план на МФ за 2024 – 2026 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |
| Подготовка, донесување и објавување на Годишниот план за работа на МФ за 2024 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Годишен план за работа во 2024 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Годишниот план за работа за 2024 година | Годишниот план за работа за 2024 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење и известување за спроведување на Годишниот план за работа на МФ (квартални извештаи) | Кварталните извештаи се подготвуваат согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите ОДУ во процесот на следење, оценување и известување за спроведување на Стратешкиот план и ГП за работа („Службен весник“ бр. 131/18) | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештајот на следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа за 2024 година (квартални извештаи) | Се врши континуирано следење, оценување и известување за спроведувањето на ГП за работа на МФ. Кварталните извештаи за следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ за 2024 година се изготвени и доставени до Кабинетот на министерот |
| Подготовка, донесување и објавување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2023 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2023 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2023 година | Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2023 година е доставен до ГС на 29.2.2024 година и објавен на веб-страницата на МФ |
| Доставување предлози за утврдување на стратешките приоритети и приоритетни цели за 2024 - 2028 година | Навремена и квалитетна подготовка на предлозите за приоритетни цели за наредната година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на предлозите за приоритетни цели за 2024 година | Доставување предлози за стратешките приоритети и приоритетни цели за 2024 - 2028 година (24-12113/1 од 26.10.2023 година)<br>Доставување предлози за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за периодот 2024 - 2028 година (29-8013/1 од 19.8.2024 година) |
| Законодавна агенда на Владата за 2024 година | Навремено ажурирање на Законодавната агенда | Усогласување, координирање и консултации со засегнатите сектори во МФ за ажурирање на Агендата | Законодавната агенда на Владата редовно се ажурира, а предлозите за настанатите промени на роковите на предлог-законите се навремено доставени |
| Подготовка на Нацрт-стратешки план на МФ и креирање програми, потпрограми и проекти | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Нацрт-стратешки план за 2025 – 2027 година | | Доставување на Нацрт-стратешкиот план до ГС на Владата на РСМ |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| **2.1.1.8 Потпрограма: Академија за јавни финансии** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување на капацитетите во областа на јавните финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор Академија за јавни финансии |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување и донесување на Методологијата за работа на Академијата за јавни финансии | Донесена Методологија за работа на Академијата за јавни финансии/ спроведени 5-10 обуки | Реализирана активност – Донесена Методологија за работа на Академија за јавни финансии и спроведени пет обуки | |
| Изготвување Извештај по спроведена анализа за потребата од обука | Изготвен извештај по спроведена анализа за потребата од обуки | Реализирана активност – Изготвен извештај по спроведената анализа за потреба од обуки како постулат за изготвување на Годишната програма за обуки за 2025 година | |
| Изготвување и донесување Годишен план за обуки за 2024 година | Реализирана Годишна програма за обуки | Делумно реализирана активност – спроведени четири обуки согласно Годишната програма за обуки за 2024 година и 1 ад хок обука во соработка со партнери | Од Годишната програма за обуки за 2024 година, успешно се реализираа четири од планираните шест обуки, во согласност со временската рамка и тематските приоритети. Дополнително беше имплементирана и една ад хок обука во соработка со Американската стопанска комора |
| Развој на курикулуми за обука | Развиени курикулуми за обуки/2-4 курикулуми | Реализирана активност – Во соработка со експертите во рамки на твининг-проектот, во јули 2024 година беше подготвен Прирачник за изготвување курикулум за обука. Врз основа на прирачникот беа подготвени наставните програми за обуките што се спроведоа согласно Годишната програма за обуки за 2024 година | |
| Организирање и спроведување обуки и испити | Реализирани обуки и испити, издадени потврди за посетени обуки и/или лиценци и сертификати | Реализирана активност – Спроведени четири обуки согласно Годишната програма за обуки за 2024 година и една ад хок обука, за кои на учесниците им беа издадени потврди | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Воспоставување и развој на електронска платформа за обуки | Реализацијата на оваа активност не започна во планираниот рок, поради спроведување на изборниот процес во Република Северна Македонија. Од истата причина беше пролонгиран и временскиот период во кој требаше да се обезбедат финансиски средства за развој на платформата. Во однос на спроведувањето на оваа мерка треба да се остварат соработки со донатори кои, пак, треба да бидат поддршка во процесот на воспоставување на онлајн платформата | Ова одложување доведе до забавување на стратешките цели за дигитализација и модернизација, притоа ограничувајќи го пристапот до едукативни ресурси и намалувајќи го капацитетот за спроведување обуки за вработените во јавниот сектор. Истовремено, административните активности беа зголемени, а ресурсите пренасочени кон технички задачи | Реализацијата на оваа активност не започна во планираниот рок, поради спроведување на изборниот процес во Република Северна Македонија. Од истата причина беше пролонгиран и временскиот период во кој требаше да се обезбедат финансиски средства за развој на платформата. Во однос на спроведувањето на оваа мерка треба да се остварат соработки со донатори кои, пак, треба да бидат поддршка во процесот на воспоставување на онлајн платформата |

## 2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br>– Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија. | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– Административна и информатичка поддршка на макроекономската и фискалната стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст и унапредување на фискалната децентрализација;<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност). | |
| **Назив на програмата/потпрограмата:**<br>**2.1.2 Програма: Економска политика и развој** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе доведе до подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>– Сектор за економска политика и развој<br>– Проектни единици<br>– Сектор Кабинет на министерот<br>– Посебен советник на министерот<br>– Државен советник на министерот за финансиски систем |
| **2.1.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори и координација во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | **Одговорен:**<br>– Сектор за економска политика и развој |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Мерка 1. Подготовка на Програма на економски реформи 2025 – 2027 година** | | | |
| Предлог-програма на економски реформи 2024 – 2026 година | Усвоена ПЕР 2024 - 2026 год. од страна на Владата и доставена до Европска Комисија | Линк: ПРОГРАМА НА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ 2024 - 2026 ГОДИНА | ПЕР 2024-2026 година беше усвоена на 221-та седница на Владата одржана на 16.1.2024 година<br>Министерот за финансии ја достави ПЕР 2024 - 2026 година до ЕК на 17.1.2024 година |
| Спроведување оценска мисија на ЕК за ПЕР 2024 - 2026 година со дискусија за заеднички предлог-заклучоци | Спроведена оценска мисија на ЕК за ПЕР 2024 - 2026 година | Во периодот 14-15 февруари 2024 година, Генералниот директорат за економија и финансии (ГД ЕКФИН) при ЕК одржа оценска мисија | Оценската мисија беше спроведена само од страна на ГД ЕКФИН за макрофискална и монетарна политика и беа дискутирани заедничките предлог-заклучоци за тој дел. ГД НЕАР не спроведе оценска мисија за структурните реформи во ПЕР. Оттаму, не беа предложени нацрт-заклучоци за делот Структурни реформи |
| Економски и финансиски дијалог со ЕУ за ПЕР 2024 - 2026 година и нови заеднички предлог-заклучоци | Одржан ЕКОФИН дијалог и усвоени заеднички заклучоци | Линк: **Економски и финансиски дијалог помеѓу Европската Унија (ЕУ) и Западен Балкан и Турција** | Економскиот и финансиски дијалог помеѓу Европската Унија (ЕУ) и Западен Балкан и Турција се одржа на 14 мај 2024 година помеѓу „триото“ кое претседава со Советот на ЕУ (Белгија, Унгарија и Полска) и министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите од Западен Балкан и Турција, при што беа усвоени заедничките заклучоци со конкретни насоки за политики во делот на макрофискалната и монетарна политика за циклусот на Програмата на економски реформи 2025 - 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување Информација до Владата на РСМ за Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен балкан и Турција и за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2025 – 2027 година | | | Информацијата не е изготвена поради промени во Водичот на ЕУ за подготовка на ПЕР 2025 - 2027 год., согласно кој во ПЕР 2025 - 2027 год. не е предвиден дел за структурни реформи. Примарна цел на информацијата беше координација на институциите во процесот на предлагање структурни реформи за следниот циклус на ПЕР |
| Собирање, интегрирање, проверка и коригирање на материјалите од надлежните институции и од секторите во МФ | Изготвена ПЕР 2025 - 2027 година | | Во декември 2024 година беше изготвена Нацрт-ПЕР 2025 – 2027 година, врз основа на материјалите доставени од надлежните институции и секторите во МФ. Таа треба да се достави до ЕК најдоцна до 15 јануари 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работилници со институциите во организација на ЦЕФ - Љубљана за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2025 – 2027 година | Учество на работилници во организација на ЦЕФ-Љубљана за поддршка на ПЕР процесот, континуирано во текот на годината | | На 25 март е одржан вебинар на тема Webinar: Introduction to the Manual for Impact Assessment<br>Во периодот 1-19 септември 2024 год беше реализирана обука на тема Проценка на економското влијание на реформите кои го поддржуваат деловното окружување (во организација на ЦЕФ-Љубљана), при што првиот дел од обуката во периодот 01 – 17 септември се спроведе online, додека завршниот дел (18-19 септември) беше одржан во просториите на ЦЕФ во Љубљана, Словенија.<br>На 22 октомври 2024 год. одржан е online вебинар на тема Impact Assessment of Structural Reforms in North Macedonia (во организација на ЦЕФ-Љубљана).<br>Во периодот 12-13 ноември во организација на ЦЕФ Љубљана е одржана работилница со линиските министерства на тема Проценка на влијанието на избрани структурни реформиод Реформската агенда 2024-2027 |
| Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2025 – 2027 година | | | ЕК не закажа Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2025 - 2027 година поради промени во Водичот на ЕУ за подготовка на ПЕР 2025 - 2027 год., согласно кој во ПЕР 2025 - 2027 год. не е предвиден дел за структурни реформи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување на Програмата на економски реформи до заинтересираните страни и пошироката јавност за консултации, како и до ЕСС | | | Нацрт ПЕР 2025 - 2027 - делот за структурни реформи не беше објавен за консултации со заинтересираните страни и пошироката јавност поради промени во Водичот на ЕУ за подготовка на ПЕР 2025 - 2027 год., согласно кој во ПЕР 2025 - 2027 год. не е предвиден дел за структурни реформи |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2025 - 2027 година до Владата на РСМ за нејзино усвојување | | | Во јануари 2025 год. беше изготвена и доставена во владина поцедура Информација за ПЕР 2025 - 2027 година со следните заклучоци:<br>- Владата на Република Северна Македонија го разгледа и прифати текстот на Програмата на економски реформи 2025 - 2027 година;<br>- Се задолжува министерот за финансии да ја достави Програмата на економски реформи 2025 - 2027 година до Европската комисија до 15-ти јануари 2025 година |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2025 - 2027 година до Европската комисија | | | По усвојување на текстот на ПЕР 2025 - 2027 година од страна на Владата, таа ќе биде доставена до ЕК |
| **Мерка 2. Подготовка на Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година** | | | |
| Собирање податоци и изработка на полугодишна анализа за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за периодот јануари - јуни 2024 година | Изготвен Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Во текот на првата половина од 2024 година беа собрани потребните податоци за изработка на полугодишната анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ. Анализата беше подготвена во јули 2024 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување на Извештајот за извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари - јуни 2024 година до Владата на РСМ | Објавен Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Извештајот за извршувањето на Буџетот на РСМ за првите шест месеци беше доставен до Владата на РСМ на 31 јули 2024 година. Полугодишнниот извештај за извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари - јуни 2024 година беше усвоен на 40-та седница на Владата одржана на 17.12.2024 година и објавен на веб-страницата на МФ<br>Линк: Извештаи Трезор | |
| **Мерка 3. Подготовка на информации за тековни економски движења и проекции** | | | |
| Подготовка на среднорочно макроекономско сценарио во рамки на Фискалната стратегија | Подготвен текст за макроекономските остварувања и среднорочното макроекономско сценарио | Текстовите за макроекономските остварувања и среднорочното макроекономско сценарио се вклучени во Фискалната стратегија 2025 - 2029 година | |
| Подготовка на информации за краткорочните месечни економски движења и Статистички преглед на Министерството за финансии | Изготвени извештаи за краткорочни економски движења<br><br>Изготвен Статистички преглед | Извештаите за краткорочните економски движења, во кои се вклучени и табелите за приходи и расходи по буџетски корисници се објавуваат на месечна основа на веб-страницата на Министерството за финансии. Активноста е континуирана.<br>Линк: Краткорочни економски движења (КЕД) – месечни извештаи<br>Статистичкиот преглед кој содржи табели со временски серии со податоци за променливи од областа на макроекономијата, буџетот и јавниот долг се објавува на месечна основа на веб-страницата на Министерството за финансии. Активноста е континуирана.<br>Линк: Статистички преглед | |
| Подготовка на квартални економски извештаи | Изготвени квартални економски извештаи | Кварталниот економски извештај и табелите за приходи и расходи по буџетски корисници се објавуваат на квартална основа на веб-страницата на Министерството за финансии.<br>Линк: Квартален економски извештај | |
| Редовно следење на остварувањето на макроекономските показатели по сектори и подготовка на кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции | Подготвени кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции | Изготвени и доставени преку електронска пошта соопштенија до Кабинетот на МФ во врска со БДП, пазар на труд, надворешнотрговска размена, инфлација и индустриско производство, резиме на извештаи со економски проекции објавени од ММФ, ЕК и СБ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Зајакнување на капацитетите за макроекономско моделирање и проектирање и унапредување на базата на макроекономски податоци во рамки на проекти на ЕУ, Швајцарската влада и Светската банка | Континуирано јакнење на капацитетите преку учество во постојни проекти на ММФ, ЦЕФ, Светска банка, СЕЦО | Во периодот 25 јануари - 6 февуари 2024 год. беше одржана мисија на ММФ на тема „Процена, управување и идентификување/објавување на фискалните ризици“. Втората мисија на ММФ на оваа тема беше одржана во периодот 18 - 22 март 2024 год.<br>Во периодот 29.1.- 2.2.2024 година во рамките на проектот на ЕУ „Зајакнување на фискалното управување во Западен Балкан“ (EU TF Strengthening Fiscal Governance in the Western Balkans) којшто го спроведува Светската банка, беше одржана обука за вработените во насока на подетално запознавање со макроструктурниот модел за проекции. Во текот на месеците февруари,март и септември беа одржани неколку онлајн состаноци со експерти од Светската банка за работа со моделот и консулатиции во процесот на подготовка на макроекономските проекции..<br>Во периодот 23-24.9.2024 година во организација на Светската банка беше организирана конференција за вмрежување на макроекономистите од регионот (“Macro – Peers Learning Event”) во Загреб, Хрватска на која беа разменети искуствата на земјите од регионот со досегашната примена на макроструктурниот модел, а учество на конференцијата земаа тројца вработени од сектрот.<br>Во рамки на Глобалниот проект на СЕЦО (SECO - Swiss State Secretariat for Economic Affairs) за макроекономско планирање и управување (Macroeconomic Planning and Management Project - MPMP), кој се базира на инструментот на ММФ за финансиско програмирање и политики (FPP), беа одржани четири мисии за обука на вработените, и тоа во периодот 18 - 22 март 2024 година, 13 – 17 мај 2024 година, 28 октомври - 1 ноември 2024 година и 16 - 20 декември 2024 година | |
| **Мерка 4. Активно учество во работни групи за Област-Економски критериуми о Поглавје 3.17 -Економска и монетарна политика во рамки на НПАА** | | | |
| Активно учество во работната група за областа - Економски критериуми | Подготвен и доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа - Економски критериуми | Доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа - Економски критериуми<br>Во август 2024 год. беше подготвен и доставен текст за ажуриран придонес кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа - Економски критериуми, при што е опфатен напредокот постигнат во периодот мај - август 2024 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активно учество во работната група за Поглавје 3.17 - Економска и монетарна политика во рамки на НПАА | Подготвен и доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во Поглавјето 3.17 Економска и монетарна политика | Доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот за Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна политика.<br>На 29.4.2024 година во Министерството за финансии се одржаиницијален состанок со Олег Хербу од ДЕУ за Поглавјето 17 - Економска и монетарна политика и Поглавјето 4 - Слободно движење на капитал<br>Во август 2024 год. беше подготвен и доставен текст за ажуриран придонес кон Извештајот на ЕК за напредокот за Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна политика, при што беше опфатен напредокот постигнат во периодот мај - август 2024 година | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.2.2 Потпрограма: Развојни проекти | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– ПСЕЕП - проектна единица<br>– Сектор за финансиски систем<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата<br>– Биро за јавни набавки<br>– Управа за јавни приходи и Царинска Управа |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор | Подобрување на енергетската ефикасност кај поднесените објекти и подпроекти | | Во рамки на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во компонентата 1а - Инвестиции во енергетска ефикасност во општините, по спроведениот скрининг на општинските објекти беше утврдено дека 43 објекти на 12 општини продолжуваат во следната фаза. За овие општини беа подготвени енергетски ревизии. Согласно резултатите од енергетските ревизии, 2 објекта не ја исполнуваа потребната минимална енергетска класа и не можеа да продолжат во понатамошната фаза. За 41 објект беа подготвени основни проекти. Овие документи беа изготвени од страна на избраната консултантска компанија. Во 2024 година беа спроведени тендерски постапки за избор на најповолни понудувачи за подпроектите на општините Ранковци и Лозово, а Општина Дебарца побара раскинување на договорот за подзаем и грант помеѓу оваа општина и Министерството за финансии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Во Компонентата 1б –Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централната власт за 14 здравствени објекти беа потпишани договори со изведувачите на градежните активности кои беа избрани по спроведената тендерска постапка и за овие објекти во тек е имплементација на проектите, односно нивна реконструкција<br>Во однос на Компонентата 1в - Технички студии за поддршка на инвестициите, во 2024 година беше потпишан договор со компанијата која врши надзор на изведбата на подпроектите на здраствените домови. Исто така, беа предадени енергетските ревизии за сите 43 објекти од 12 општини, како и основните проекти за 41 објект од 11 општини<br>Во рамки на Компонентата 2 - Техничка помош и поддршка при спроведувањето, ангажираната консултантска компанија ги подготви документите потребни за воспоставување на ЕЕ фонд и сите документи и бизнис-планот беа предадени |
| Проект на ИПА „Зајакнување на внатрешниот пазар“ | Носител на проектот е Министерството за економија. Министерството за финансии е корисник на Компонентата 3 - Подобрување на усогласеноста на националното законодавство со законодавството на ЕУ, Поглавје 6 во делот на сметководство и ревизија. Целта е транспонирање на законодавството на ЕУ за законска ревизија и за сметководство во националната правна рамка | | Во делот на сметководството, изминатиот период беа финализирани одредбите на Предлог-законот за сметководство кој беше објавен на ЕНЕР во текот на јуни. Во делот на ревизијата, во изминатиот период ангажираниот консултант работеше на изготвување на подзаконските акти кои ќе произлезат од новиот Закон за ревизија |
| ИПА твининг-проект МК 18 IPA FI 01 19 „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола“ | Навремено и квалитетно спроведување на сите актвности/изготвување на сите аутпути планирани со проектот | Целосно постигнати цели | Во изминатите 18 квартали беа спроведени вкупно 200 активности преку 252 мисии. (Компонента 1 - 29 активности 45 мисии, Компонента 2 - 97 активности 125 мисии, Компонента 3 - 39 активности 44 мисии и Компонента 4 - 35 активности 38 мисии).<br>Периодот на имплементација на проектот заврши на 31.7.2024 година, а на 3.7.2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | година се одржа завршна конференција за официјално затворање на проектот.<br>Конечниот извештај за проектот беше потпишан на 31.10.2024 година |
| Проект за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии | Целта на Проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавните финансии е подобрување на ефикасноста, транспарентноста и одржливоста на јавните расходи и зголемување на ефективноста во прибирањето на буџетските приходи. Спроведување постапки за набавка и реализација/имплементација на склучените договори води кон реализација на проектните активности и кон постигнување на крајната цел на Проектот | Завршените постапки за набавка, склучените договори, нивната имплементација и отпочнатите постапки за набавка водат кон реализација на соодветните планирани проектни активности | Во рамките на првата компонента од Проектот, еден договор е успешно завршен, еден е во фаза на имплементација, додека за два договора во тек е постапка на набавка. Во рамките на втората компонента, еден договор е во фаза на имплементација. Во рамките на третата компонента, три договори се успешно завршени, четири договори се во фаза на имплементација, а за три договори во тек е постапка на набавка |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.2.3 Потпрограма: Економски форум** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Зголемување на транспарентноста и инклузивноста на повеќе релевантни чинители во подготовката на стратешките документи во доменот на јавните финансии, а особено во контекст на подготовката на Буџетот на Република Северна Македонија за следната фискална година, размена на идеи и искуства во однос на глобалните, регионалните и националните перспективи за закрепнување и забрзан економски раст, соодветно и искуства од дефинирана тема на Конференцијата помеѓу владини претставници и експерти од земјата и регионот | | **Одговорен:**<br>– Сектор Кабинет на министерот |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| / | / | / | / |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Годишна конференција на Министерството за финансии – „Скопје економски и финансиски форум 2024“ (Skopje Economic and Finance Forum) | | | Активностите нема да се реализираат |
| – Реализација на Годишната конференција | | | Активностите нема да се реализираат |
| – Информација и препораки по однос на темата на Годишната конференција на МФ | | | Активностите нема да се реализираат |

| 2.1.2.4 Потпрограма: **Унапредување на фискалната децентрализација** | **Цел на програмата/потпрограмата:** | **Одговорен:** |
|---|---|---|
| | Градењето добро поставен систем на јавни финансии е обемен процес кој се состои од повеќе сегменти меѓу кои е и фискалната децентрализација, и воедно е основа за одржлив економски систем.<br>Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрување на нивниот капацитет е еден од приоритетите што произлегува од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со ЕУ и од Рамковниот договор.<br>Во насока на продолжување и унапредување на процесот на фискална децентрализација со крајна цел обезбедување подобри услуги за граѓаните, неопходно е да се постигне поголема финансиска дисциплина на општините и поголема транспарентност и отчетност за тоа како општините ги трошат средствата на граѓаните.<br>Зголемувањето на финансиската дисциплина на општините и намалувањето на долговите може да се постигнат преку реално планирање на приходите и расходите на општините, рационализација во работењето и намалување на непотребните расходи, редовно сервисирање на обврските, поголема финансиска дисциплина, процедури за прогласување финансиска нестабилност и анализа на постојните обврски на општините и јавните претпријатија.<br>Во изминатиот период, Министерството за финансии активно работеше на реформа за унапредување на фискалната децентрализација, која нуди системско решение за стабилни финансии на општините, што е предуслов за одговорни општини и испорака на квалитетни и ефикасни услуги за граѓаните | – Сектор за буџет<br>– Сектор за даночна и царинска политика<br>– Посебен советник на министерот |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| Уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година | Донесена Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година | | Уредбата е усвоена на седница на ВРСМ од 5.11.2024 година и објавена во „Службен весник“ бр.227/24 |
| Нов Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Активностите се поврзани со предложените измени на Законот за буџети („Службен весник на РСМ“ 203/2022), односно од роковите утврдени во Законот за буџети се клучни за донесување на Предлог- | | Со техничка подршка од УНДП во тек е подготовка на текстот на новиот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | | |
| Подзаконски акти што произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | | | Активностите ќе се реализираат по донесувањето на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа |
| Создавање услови за оспособување на преостанатата општина Пласница да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | | Анализа на финансиската состојба на општината и кадровскиот капацитет согласно критериумите за преминување во втората фаза на фискална децентрализација согласно Законот за финансирање на ЕЛС | |
| Спроведување инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор на локално ниво | Спроведени финансиски инспекции кај субјектите на локално ниво | Електронски евиденции кои се водат во рамки на Секторот за финансиска инспекција на локално ниво | |
| Следење на финансиското работење на единиците на локалната самоуправа и објавување податоци за извршувањето на приходите и расходите | | | |
| Следење на условите за исполнување финансиска нестабилност на општините | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Закон за управување со општински долгови | | | Оваа активност нема да се реализира |
| Подзаконски акти што произлегуваат од Законот за упавување со општински долгови | | | Оваа активност нема да се реализира |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | | | Оваа активност нема да се реализира |
| Подзаконски акти за даноците на имот | | | Оваа активност нема да се реализира |
| Формирање Агенција за регионален и локален развој | | | Оваа активност нема да се реализира |
| Уредба за капитални трансфери | | | Оваа активност нема да се реализира |

| **2.1.2.5 Потпрограма: Ефективни инструменти согласно планот за забрзан економски раст** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Обезбедување поддршка на приватниот сектор преку ставање во функција на инструменти и механизми и создавање можности за мобилизирање на приватните инвестиции | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски систем<br>– Државен советник за прашања од финансискиот систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Реализација на инструментите достапни преку воспоставениот Гарантен фонд | | | Активноста се спроведува редовно Инструментите од Гарантниот фонд организиран во РБСМ се реализираат континуирано |
| Реализација на инструментите достапни преку воспоставениот Фонд за развој | | | Активноста се спроведува редовно |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Воспоставување Фонд за енергетска ефикасност | | | Фондот сè уште не е воспоставен<br>Се подготвуваат договорите со цел негова операционализација |
| Воспоставување Хибриден национален зелен и дигитален фонд за МСМП за стартапи и иновативни претпријатија | | | Не се создадени услови за отпочнување |
| Воспоставување Фонд за „зазеленување на бизнисот“ | | | Надлежност во рамки на Кабинетот на вицепремиерот за економски прашања |
| Воспоставување Фонд за локален и регионален развој | | | Не се создадени услови за отпочнување |

## 2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="3">– Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;<br>– Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники;<br>– Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>– Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="3">– Подобрено управување со јавните финансии преку фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;<br>– Воведување на буџетското финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност).</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br>2.1.3 Програма: Буџет, трезор и јавен долг</td><td colspan="2">Цел на програмата:<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст.<br>Постигнувањето на оваа цел ќе значи подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за трезор<br>– Сектор за управување со јавен долг</td></tr>
<tr><td>2.1.3.1 Потпрограма: Буџети и фондови</td><td colspan="2">Цел на потпрограмата:<br>– Спроведување реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, рационално и наменско користење на буџетските средства</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за буџети и фондови</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>Предлог-фискална стратегија на Република Северна Македонија за среденорочниот период 2025 - 2029 година</td><td>Фискална стратегија на среден рок 2025 – 2029 година</td><td>Усвоена Фискална стратегија на Владата на РСМ, а во неа се дадени среднорочни фискални проекции со кои се опфатени повеќе аспекти: макроекономски показатели, Буџет на РСМ, јавен долг, ризици, транспарентност и унапредување на јавните финансии</td><td>Владата на РСМ на 23. седница, одржана на 1.10.2024 година, ја донесе Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2025 - 2029 година и согласно закон таа беше доставена на разгледување до Собранието на РСМ и Фискалниот совет</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изјава за фискална политика | Изјавата за фискална политика ги содржи насоките за фискалната стратегија за време на мандатот на Владата на Република Северна Македонија | | Владата на РСМ согласно член 12 од Законот за буџети даде<br>Изјава за фискална политика за периодот 2024 - 2028 (бр.41-9111/3 од 24.9.2024 година)<br>Таа се објавува на веб-страниците на Министерството за финансии и на Владата на РСМ<br>**Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за работа на МФ** |
| Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2025 година | Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година | Во донесениот Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година дадени се планираните годишните приходи и други приливи и одобрени годишните расходи и други одливи на државата | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.254/2024 |
| Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | Донесен Закон за извршување во кој се регулира користењето на буџетските средства | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.254/2024 |
| Измени и дополнувања на Буџетот (ребаланс) | Изменување и дополнување на на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Се ревидираат првичните проекции на приходите и расходите на одделни расходни позиции по сметки, програми и ставки | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.169/2024 |
| Завршна сметка на Буџетот и буџетите на ЕЛС за претходната година | Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се искажуваат планираните и реализираните приходи и расходи со образложение за отстапувањата | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.169/2024 |
| Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Одлука за прераспределба на средства за 2024 година помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Се оценува исходот од приходите и расходите, па според тоа се врши редизајнирање на структурата на јавните финансии | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.250/2024 |
| Буџетски циркулар за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на буџетските корисници | Буџетски циркулар за наредната година | Дадени инструкции за начинот на подготовка на предлог-буџетските барања | Подготвен и доставен буџетски циркулар до буџетските корисници во законски утврдениот рок |
| Измена на Законот за буџети | Закон за изменување на Законот за буџети | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.3/25<br>**Активноста е почната во 2024 година, но не е планирана во годишниот план** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за изменување и дополнување на Законот за буџети | Закон за изменување и дополнување на Законот за буџети | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.272/24<br><br>**<u>Активноста не е планирана во годишниот план</u>** |
| Закон за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос | Закон за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24 | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.3/25<br><br>**<u>Активноста е почната во 2024 година, но не е планирана во годишниот план</u>** |
| Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година | Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година | Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност кои се распределуваат на општините се утврдуваат во висина од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и се распределуваат во три дела, и тоа: основен фонд – 4, 5%, дел за перформанси - 0, 75% и дел за изедначување - 0,75% | Уредбата е усвоена на седница на ВРСМ на 5.11.2024 година, објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.227/24 |
| Предлог-закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (нов) | Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Со Законот ќе се доуреди ситемот на финансирање на единиците на локалната самоуправа и ќе се усогласи со одредбите од новиот Закон за буџети | Активностите ќе се реализираат во наредниот период, односно од третиот квартал 2025 додина до крајот на 2026 година. Активностите се поврзани со предложени измени на новиот Закон за буџети, односно роковите утврдени во Законот се клучни за донесувањето нов Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа |
| Предлог-закон за управување со општински долгови | Закон за управување со општински долгови | Со Законот ќе се регулира начинот на кој општините управуваат со своите долгови со цел обезбедување одржливост на јавните финансии на локално ниво и спречување на прекумерно задолжување кое може да доведе до финансиска нестабилност на општините | Оваа активност, како издвоена, нема да се реализира, но управувањето со долговите на општините ќе биде опфатено со новиот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Активностите ќе се реализираат од третиот квартал од 2025 година до крајот на 2026 година |
| Подзаконски акти што произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Подзаконски акти од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Со подзаконските акти на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ќе се регулира примената и спроведувањето на одредбите од Законот | Активноста ќе се реализира во втората половина од 2026 година, имајќи предвид дека зависи од донесувањето на новиот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Создавање услови за оспособување на преостанатата Општина Пласница да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | Сите општини се во втората фаза на фискална децентрализација | Во текот на 2023 година беше добиено известување дека Општина Пласница ги исполнува условите за влез во втората фаза на фискална децентрализација и МФ достави Информација до Владата на РСМ | Активноста продолжува во 2025 година |
| Информација за преземени активности за исполнување на условите Општина Пласница да влезе во втората фаза на фискална децентрализација | | Во 2023 година беше доставена Информација<br>Информација беше доставена и во 2024 година | Во 2024 година, Информацијата не беше разгледана од страна на Владата |
| Буџетски циркулар за општините за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локална самоуправа | Буџетски циркулар за општините | Со Буџетски циркулар за општините се регулираат процесите и принципите на изработка, усвојување и извршување на буџетите на единиците на локалната самоуправа | Буџетскиот циркулар е доставен до општините во законскиот рок на 26.9.2024 година |
| Регистар на јавни субјекти, согласно Законот за буџети | Правилник за формата, содржината, воспоставувањето и начинот на одржување на Регистарот на јавни субјекти | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Организациска класификација, подзаконски акт согласно Законот за буџети | Правилник за организациската класификација | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Економска класификација, подзаконски акт согласно Законот за буџети | Правилник за економска класификација | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Програмска класификација, подзаконски акт согласно Законот за буџети | Правилник за програмска класификација | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Функционална класификација, подзаконски акт согласно Законот за буџети | Правилник за функционална класификација | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Класификација на изворите на финансирање, подзаконски акт согласно Законот за буџети | Правилник за буџетска класификација по извори на финансирање | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Подзаконски акт за формата и содржината на Образецот за процена на среднорочни фискални импликации | Правилник за формата и содржината на образецот за процена на среднорочни фискални импликации | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Упатство за начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација помеѓу организацоните единици и институциите поврзани со макроекономското и фискалното проектирање | Упатство за начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организационите единици и институциите поврзани со макроекономското и фискалното проектирање | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |
| Подзаконски акт за формата и содржината на прекршочниот платен налог | Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.277/2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за класификација на расходите | Правилник за изменување и дополнување на правилникот за класификација на расходите | | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.253/2024 |
| ЕУ ИПА твининг-проектt за подобрена Фискална стратегија и Изјава за фискална политика | Подобрена Фискална стратегија од аспект на квалитативен и квантитативен опис и подготовка на Изјава за фискална политика | | Активноста не е планирана во Годишниот план за работа на МФ |
| Учество во работни групи во НПАА и следење на Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна унија, Поглавјето 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, Поглавјето 3.33 - Финансиски и буџетски одредби и на Поглавјето 2 - Економски критериуми и учество во процесот на Реформа на јавната администрација | Следење на меѓународното искуство за буџетски одредби | | Учество во работни групи во НПАА и следење на Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна унија, Поглавјето 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, Поглавјето 3.33 - Финансиски и буџетски одредби и на Поглавјето 2 - Економски критериуми и учество во процесот на Реформа на јавната администрација |
| Пријавување и евиденција на обврски | Тековна активност на буџетските корисници согласно законската обврска | Следење и известување за обврските на јавните субјекти преку нивно објавување | Сите буџетски корисници секој месец од 1-ви до 10-ти во месецот пријавуваат обврски на електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО) |
| Внес на барања на буџетските корисници за прераспределба на средствата во рамки на одобрените буџети (пренамени) и барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи (проширувања) во системот е-буџет | Одобрени барања на буџетските корисници во системот е-буџетt | Континуиран процес | |
| Обезбедување мислења по законски и подзаконски акти, по информации и извештаи по програми, одлуки и други материјали доставени од Владата и други институции во надлежност на секторот поврзани со Буџетот и буџетската политика | Навремено подготвени мислења за материјалите во надлежност на секторот поврзани со Буџетот и буџетската политика | Континуиран процес | |
| Давање мислење по однос на годишните планови за вработување | Издадени мислења согласно законските надлежности | Континуиран процес | |
| Давање известување по однос на барањата за обезбедени финансиски средства за вработување кај буџетските корисници и единките корисници, јавните претпријатија основани од Централната власт, агенции, јавно-правни субјекти и трговски друштва основани од РСМ | Издадени известувања во однос на обезбедените финансиски средства за вработување кај буџетските корисници и единките корисници, јавните претпријатија основани од Централната власт, агенции, јавно-правни субјекти и трговски друштва основани од РСМ | Издадени известувања до Кабинетот во однос на обезбедените финансиски средства | Активноста се спроведува континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на финансиското работење на јавните претпријатија и трговските друштва основани од РСМ и објавување консолидирани податоци на веб-страницата на МФ | Издадени мислења во однос на годишни сметки, годишни извештаи, тримесечни извештаи, финансиски планови и програми на јавните претпријатија и трговските друштва основани од РСМ | Континуиран процес | |
| Следење и контролирање на исплатата на платите на буџетските корисници и единките корисници | Навремена проверка и контрола на барањата за исплата на платите на буџетските корисници и единките корисници | Континуиран процес | |
| Следење на финансиското работење на единиците на локалната самоуправа и објавување податоци за извршувањето на приходите и расходите | Податоците за реализираните приходи и расходи на општините се објавени на веб-страницата на Министерството | Континуиран процес | Активноста се спроведува континуирано |
| Следење на условите за исполнување финансиска нестабилност на општините | Општините кои ги исполнуваат условите за финансиска нестабилност | Врз основа на доставените квартални извештаи за доспеани а неплатени обврски, континуирано се следи кои општини исполнуваат услови за финансиска нестабилност и на квартално ниво се доставува известување до финансиската инспекција | Активноста се спроведува континуирано |
| Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Со измените се уредува прашањето за распределба на капиталните дотации до општините | „Службен бесник на РСМ“ бр. 170/24<br><br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) | Законот е во собраниска процедура<br><br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Подзаконски акт за формата и содржината на Родово буџетска изјава | Активноста ќе се реализира во 2025 година | | |
| Подзаконски акт за формата и содржината на Општ дел на буџет | Нема законска обврска, односно законскиот основ е избришан | | |
| Подзаконски акт за формата и содржината на посебен дел на буџет | Нема законска обврска, односно законскиот основ е избришан | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подзаконски акт за начинот, формата и роковите за поднесување на финансиските и деловните планови, извештаи, изјави и други информации | Нема законска обврска, односно законскиот основ е избришан | | |
| Унапредување на среднорочната и етапна фискална консолидација (Предлог-план за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори) | Активноста не е спроведена поради изборниот период | | |

| **2.1.3.2 Потпрограма: Трезор** | **Цел на потпрограмата:**<br>Реформи во јавните финансии, зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините, планирање на ликвидноста и транспарентно известување | | **Одговорен:**<br>– Сектор за трезор |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Полугодишен извештај за користењето на средствата од резервите на централниот буџет за тековната година | Изготвен и доставен е до Владата на РСМ Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за 2024 година | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Полугодишниот извештај е усвоен од страна на Владата на РСМ |
| Годишен извештај за користењето на средствата од резервите на централниот буџет за претходната година | Изготвен и доставен е до Владата на РСМ Годишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за претходната (2023) година | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Годишниот извештај е усвоен од страна на Владата на РСМ |
| Обезбедување внес на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС, на начин како што се објавени, односно усвоени (вклучувајќи ги и нивните измени) | Вчитани буџети и измени на буџетите | Обезбеден е континуитет во процесот на извршување на буџетите и транспарентно известување. | Активностите се спроведени согласно планираното |
| Внес на барања за плаќања на буџетските корисници и нивно извршување | Податоци од Трезорскиот информационен систем за внесени барања за плаќање од буџетските корисници и нивно непреечено извршување во текот на целата година. | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Активностите се спроведени на дневна основа |
| Преземање на други тековни активности поврзани со извршувањето на Буџетот на РСМ и на буџетите на општините | Внесени и евидентирани податоци за пријавени преземени обврски на буџетските | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на | Активностите се спроведени на редовна основа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (одобрување на пријавените преземени обврски и сл.) | корисници во Трезорскиот информационен систем | Буџетот на РСМ и транспарентно известување | |
| Усогласување на домашното законодавство од областа на осигурувањето со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II) | Подготвен Предлог-закон за осигурување | Во тек<br>Предлог-законот за осигурување е подготвен. Тој треба да биде дополнет од аспект на националните одредби во делот на прекршоците и преодните одредби на Законот | Предлог-законот е предвиден во Стратешкиот план на МФ за 2025 година и се очекува да биде усвоен од страна на Владата во четвртиот квартал од 2025 година |

## 2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕУ

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="2">– Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.<br>Приоритетна цел:<br>– Подобрено управување со јавните финансии преку фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– Зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– Ефикасна координација на програмирањето, искористувањето, следењето, известувањето, евалуацијата и обуката за зајакнување на капацитетите за спроведување на ИПА 2 и ИПА 3 и друга странска помош.</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="2">– Зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;<br>– Предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи;<br>– Воведување буџетско финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ – клучни индикатори за успешност);<br>– Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија преку унапредување на процедурите, стандардите и методологиите во насока на обезбедување квалитетен и поеднообразен пристап во сите понатамошни фази на креирање на националната верзија на правото на Европската Унија;<br>– Квалитетно управување со подготовката, планирањето, следењето на спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на првото, Патоказот за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократските институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците со мерки за недискриминација, борба против говор на омраза и образование;<br>– Ефикасна координација на програмирањето, искористувањето, следењето, известувањето, евалуацијата и обукат за зајакнување на капацитетите за спроведување на ИПА 2 и ИПА 3 и друга странска помош;<br>– Подобрено управување со јавните финансии преку фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– Заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси и борба против неправилности и измами.</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br>2.1.6 Програма: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија</td><td>Цел на програмата:<br>Соработката со меѓународни и билатерални финансиски институции и координација со овие институции околу потребните активности за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации; координација на активностите поврзани со исполнување на обврските за Министерството за финансии што произлегуваат од процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија: програмирање, спроведување и следење на инструментите за претпристапна помош - ИПА; копретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи; координација на спроведувањето реформи во управувањето со јавните финансии, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи<br>– Сектор за централно финансирање и склучување договори<br>– Сектор за управување со јавни инвестиции</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | на Република Северна Македонија; процена и следење на јавните инфраструктурни проекти, пред сè од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста. | |
| **2.1.6.1 Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА** | **Цел на потпрограмата:**<br>Програмирање, спроведување и следење на Инструментот за претпристапна помош - ИПА, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата согласно утврдената динамика и следење на имплементацијата на проектите за кои се склучени договори во рамки на ИПА 2 и акредитираните програми за ИПА 3 | Редовно доставувања барања за финансирања до ЕК, за секоја одделна програма на ИПА во зависност од расположливото салдо на сметките во согласност со постапките за работа | Доставени барања до ЕК за предфинансирање по програми<br>Редовно доставени барања до ЕК за тековно финансирање по програми<br>Доставени финални апликации до ЕК | |
| Изготвување и доставување изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА и годишни финансиски извештаи | Изготвени изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА во првиот квартал од тековната за претходна година за:<br>1. Годишна Акциска програма за 2014 година<br>2. Годишна програма за 2017 година<br>3. Повеќегодишната програма МААП од областа на транспортот и животната средина и<br>4. Годишна акциска програма за 2022 година од областа на животната средина - ИПА 3<br>5. Програма ИПАРД 2014 – 2020 година<br>6. Програма ИПАРД 2021 – 2027 година | Доставени изјавите за гаранција до ЕК, со допис од 15.2.2024 година | |
| Доставување Извештај до ЕК за управување со идентификуваните неправилности со ИПА | Квартално известување до ЕК за идентификуваните неправилности со ИПА<br>Пријави/извештаи за неправилности од органите и структурите за ИПА 2 | Извештаите за управување со идентификуваните неправилности во ИПА се изготвуваат на квартална основа | |
| Спроведување верификациски посети согласно годишниот план со цел следење на имплементацијата на проектите | Спроведена верификациска посета и потврдена одржливост на завршените проекти финансирани од ИПА согласно годишен план | Верификациските посети се спроведуваат во текот на целата година, во согласност со годишниот план | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на ризиците на ниво на структурата за ИПА и организирање панел-дискусии за управување со ризици | Следење на ризиците на ниво на структурата на ИПА на квартално ниво | Панел-дискусиите за управување со ризици за структурите за ИПА и ИПАРД се одржаа во јули и декември 2024 година. Акциските планови за управување со ризици се ажурирани согласно договореното на панел-дискусиите | |
| Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 | Изготвена Нацрт-уредба и доставена до РТ со цел процена на постапката за усогласеност на системот за воспоставување структура за имплементација на ОП Човечки капитал од областа на трудот и социјалната политика.<br>Добиено позитивно мислење за Предлог-уредбата, со укажување од страна на Секретаријатот за законодавство.<br>Подготвена нова драфт изменета верзија од Уредбата и од 20.12.2024 година таа е во владина процедура | Доцнењето на процесот влијае на обезбедување на правна основа за воспоставување на Тело за управување во делот на ОП човечки капитал и ново Тело за посредување во управувањето со политиките во Министерствтото за економија и труд. Тоа пак влијае на навремено склучување на финансиска спогодба за оваа програма, а со тоа и ризик од губење на ИПА средства | Процесот ќе продолжи и во текот на 2025 година |
| Акредитација/доделување право за индиректно управување со програми во рамки на ИПА 3 | Во делот на транспорт, по добиениот конечен извештај за усогласеност од страна на Ревизорското тело за ИПА, тој е усогласен и доставен до ЕК на 28.10.2024 година. Барањето за ревизија на усогласеност за делот човечки капитал беше доставено до РТ, но тоа е ставено во мирување на барање на НАО. Беше направено негово дополнување поради новите промени во Законот за организација и работа на органите на државната управа. По направените промени, пакетот беше доставен до РТ на ревизија на усогласеност во декември 2024 година | Доцнењето влијае врз навременото склучување на финансиската спогодба за оваа програма, што, пак, претставува ризик од губење на средствата од ИПА | Процесот на акредитација ќе продолжи и во текот на 2025 година |
| Акредитација/доделување право за индиректно управување со нови мерки во рамки на ИПАРД 3 | Доставена пакет-документација за процена од страна на Ревизорско тело за ИПА, како дел од процесот на добивање право за индиректно управување со мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од програмата ИПАРД 3 | Доцнењето претставува ризик од губење на средствата од ИПА | Процесот на акредитација ќе продолжи и во текот на 2025 година |
| Подготовка на политика на мотивација во соработка со СЕП | Процесот на креирање долгорочно одржливо решение за политика за задржување и мотивација на кадарот за | Задржување на квалитетниот и обучен кадар во структурата за ИПА Министерството за финансии | Процесот ќе продолжи и во текот на 2025 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | имплементација на ИПА е во надлежност на СЕП<br>Министерството за финансии достави до СЕП придонес и нацрт-предлози за креирање политика за мотивација и задржување на кадарот во структурите За ИПА<br>Во Законот за извршување на Буџетот за 2024 и 2025 година имплементирано е времено решение на политика за задржување на кадарот за имплементација на ИПА<br>Поради изборните активности во периодот април - јуни 2024 година немаше прогрес по оваа активност<br>Согласно заклучокот на Владата на РСМ, Министерството за европски прашања треба да изготви и да ѝ предложи на Владата долгорочно решение за задржување на кадарот во структурата за ИПА, најдоцна до март 2025 година | имплементира во Законот за извршување на Буџет за 2025 година времено решение на политика за задржување на кадарот за имплементација на ИПА | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Подготовка на Информација за статусот на имплементација на ИПА 2 и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2024 година | Поради неизвесност на статусот на реализацијата на проектите, Информацијата се одложува за 2025 година, до донесување дефинитивна одлука од страна на Владата на РСМ за имплементација на одредени договори за ИПА | Ненавременото искористувањето на ИПА средствата доведува до губење на средстата за имплементација на ИПА проекти доделени од ЕК, а со самото губење се оптеретува дополнително Буџетот на РСМ со цел да се исплатат започнатите ИПА проекти | Процесот ќе продолжи и во текот на 2025 година |
| Информација за состојбата на капацитетите во структурите за ИПА, трендот на одлив и/или прилив на човечки капитал во структурите за ИПА/ИПАРД и дефинирање на следните чекори за негово задржување во постојните структури за ИПА/ИПАРД | Информацијата беше одложи за третиот квартал поради замрзнување на активностите за вработување и унапредување во време на избори (во периодот март - јуни 2024 година).<br>Информацијата беше изготвена на 10.9.2024 година и доставена на потпис во Кабинетот на МФ и се очекува да биде усвоена од страна на Владата во 2025 година | Со одложувањето на донесувањето на Информацијата се одложуваат и предлог-заклучоците кои вклучуваат мерки и активности за постигнување на оптималниот број потребни вработувања во структурите за ИПА/ИПАРД | Потребата за изготвување Информација до Владата е надмината |

| 2.1.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) | Цел на потпрограмата:<br>Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | Одговорен:<br>– Сектор за Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Редовно известување и консултации со Владата на Република Северна Македонија, Европската комисија и Делегацијата на Европската Унија и спроведување на препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Надминување на препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Активностите се спроведуваат континуирано, а се известува на квартално ниво<br>Извештаите се подготвуваат на квартално ниво со цел надминување на слабостите и ревизорските наоди идентификувани во извештаите | Недоволен административен капацитет за функционирање на Секторот за централно финансирање и склучување договори, што е истакнато во сите ревизорски мисии од страна на Ревизорското тело за ИПА, Внатрешната ревизија на МФ и мисии на ЕУ<br>Местата раководител на ЦФСД и раководител на Единицата за мониторинг во моментов се слободни. Имено, потребно е да се даде приоритет на пополнување на следните позиции:<br>• раководител на одделение;<br>• раководител на сектор за следење на проектите;<br>• позиции на градежни профили |
| Навремена и квалитетна подготовка на тендерската документација, која ќе ги исполнува критериумите за тендерски постапки на ЕК, пред да биде доставена до Делегацијата на Европската Унија на екс-анте (ex-ante) контрола | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи коишто се предмет на екс-анте (ex-ante) контрола за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година | Покрај документот кој се подготвува врз основа на анализите направени на годишно ниво, овој процес се спроведува и следи континуирано од страна на ЦФСД<br>За спроведување на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства<br>Согласно квантитативните податоци за стапката за суспендирање и одбивање на документите за програмата MAAP Environment таа во 2024 година изнесува 16,67%. Стапката е намалена за 6,47% во однос на на онаа во 2023 година. За програмата MAAP transport стапката за суспендирање и одбивање на документите во 2024 година | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации сè со цел намалување на стапката на одбиени документи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | износува 29,09% и е намалена за 17,58% во однос на стапката во 2023 година | |
| Подготовка и доследно почитување на препораките произлезени од научените лекции и добрата практика согласно добиените коментари од ДЕУ при одбивање/одобрување на тендерската документација доставена на екс-анте (ex-ante) контрола | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи коишто се предмет на екс-анте контрола за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година | Покрај документот кој произлегува од анализите направени на годишно ниво, овој процес континуирано се спроведува и следи од страна на ЦФСД<br>За спроведување на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации сѐ со цел намалување на стапката на одбиени документи |
| Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата согласно утврдената динамика и следење на имплементацијата на проектите за кои се склучени договори во рамки на програмите од ИПА 2 | - Стапката на исполнување на плановите за јавни набавки е над 70%<br>- Стапката на исполнување на плановите за исплати е над 70% | Оваа активност се спроведува континуирано, преку месечно следење на исполнувањето на плановите за набавки и исплати<br>Во 2024 година, процентот на реализирани исплати во однос на планираните износува 74,89%. Стапката на исполнување на плановите за исплати за 2024 година е постигната. Но, максималната реализација на исплати во однос на планираните произлегува од непочитувањето на роковите и доцнењето при доставувањето на тендерска документација од страна на институциите корисници, што доведува и до доцнење во спроведувањето на тендерските постапки согласно усвоениот План за јавни набавки врз основа на кој се изработува и Планот за исплати. Исто така, слабата динамика на доставување на финансиските извештаи и времените ситуации од страна на економските оператори доведува до неисполнување на плановите за исплати во 2024 година | Недоволен број и голема флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик во исполнувањето на мерката и резултатот<br>Непочитување на дадените рокови во плановите и неквалитетната тендерска документација што ја доставуваат институциите корисници е уште еден фактор на ризик во навременото спроведување на плановите за набавки<br>Слаба динамика на проектните активности во рамки на периодот на имплементација на склучените договори |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.6.3 **Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција** | **Цел на потпрограмата:**<br>Координација на активностите поврзани со исполнување на обврските за Министерството за финансии што произлегуваат од процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија: програмирање, спроведување и следење на Инструментот за претпристапна помош - ИПА; копретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи; кординација на спроведувањето реформи во управувањето со јавните финансии, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | **Одговорен:**<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Предлог-програма за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2024 - 2027 година | Подготвена Нацрт-програма за реформа на управувањето со јавните финансии со нов период 2025 - 2028 година | **Реализирано во 2024 година:**<br>Нацрт-програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2024 - 2027 година беше подготвена од страна на Секторската работна група за управување со јавни финансии, составена од претставници од следните институции: Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Царинска управа на РСМ, Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки, Државен завод за ревизија и Министерство за економија, со техничка помош од СИГМА/ОЕЦД<br>Нацрт-програмата беше објавена на веб-страницата на МФ на 5 март 2024 година за јавни консултации. Воедно, таа беше дискутирана на состанок со СРГ за УЈФ којшто се одржа на 21 март 2024 година.<br>Нацрт-програмата за УЈФ беше доставена на усвојување до Владата во април 2024 година, но не беше усвоена<br>Во меѓувреме, беше подготвена ревидирана Нацрт-програма за реформи на управувањето со УЈФ која ќе го опфаќа | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | периодот 2025 - 2028 година, во согласност со приоритетите утврдени во Програмата на Владата 2024 - 2028 година, по што се планира дека ќе биде усвоена од страна на Владата во првиот квартал од 2025 година | |
| Координација на активностите поврзани со управувањето на проектите од ИПА 2 и ИПА 3 во Секторот управување со јавни финансии | Подготвен годишен извештај за спроведување на ИПА 2<br>Учество на вработените од Одделението за ИПА и НПАА во:<br>- управните комитети за следење на степенот на реализација на твининг-проектите на Министерството за финансии од ИПА 2018 за потсекторот управување со јавни финансии,<br>- Управниот комитет на програмата на ИПА - ЕУ за млади<br>- секторските и заедничките комитети за мониторинг на состаноците на ИПА | **Реализирано:**<br>- Годишен извештај за спроведување на ИПА 2 за 2023 година<br>- на 29 февруари 2024 година се одржа 15-тиот состанок на Управниот комитет за твининг-проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“<br>- на 26 март 2024 година се одржа 7-от состанок на Управниот комитет за програмата на ИПА - ЕУ за млади<br>- на 29 октомври 2024 година се одржа 3-от состанок на Секторскиот комитет за мониторин за Демократија и владеење<br>- на 25 ноември 2024 година се одржа 8-от состанок на Управниот комитет за програмата на ИПА - ЕУ за млади<br>- на 17 декември 2024 година се одржа состанок на СРГ за РЈА | |
| Подготовка на извештај за исполнување на условите за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка и барање за повлекување средства | - Подготвен и доставен извештај до ДЕУ за исполнување на условите за повлекување на средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка;<br>- Подготвено и доставено до ДЕУ барање за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка | Континуирана реализација<br>На 31.5.2024 година беше доставено барање до ДЕУ за повлекување на четвртата варијабилна транша по Договорот за ЕУ за млади, кој се финансира од ИПА 2019. ЕУ ги одобри средствата во вкупен износ од 716.292,80 евра и тие беа префрлени на буџетската сметка на 13 ноември 2024 година.<br>На 31.05.2024 година беше доставено барање до ДЕУ за повлекување на првата фиксна транша по Договорот за ЕУ за модерна јавна администрација, којшто се финансира од ИПА 2022. ЕУ ги одобри средствата на 16 декември 2024 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обезбедување стручна административна поддршка во функционирањето на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии | Број на одржани состаноци на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии | Континуирана реализација<br>Реализирано во 2024 година: на 21.32024 година се одржа состанок на СРГ за управување со јавни финансии | |
| Координација на подготовката, следењето и известувањето за реализацијата на годишните акциски планови за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии и изработка на Предлог-акциски план, Полугодишен и Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план | Подготвени полугодишни/годишни извештаи за следење на реализацијата на Програмата | Континуирана реализација<br>Реализирано во 2024 година: Годишниот извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2023 година беше подготвен и усвоен од страна на Владата во август 2024 година | |
| Координација на процесот на ревидирање на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии | Подготвена Нацрт-програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2025 - 2028 година, акциски планови и извештаи за следење на реализацијата на програмата | **Реализирано во 2024 година.**<br><br>На 19.9.2024 година министерот за финансии и државниот секретар одржаа состанок со координаторите на приоритетите со цел усогласување на Нацрт-програмата за УЈФ со Програмата на Владата 2024 - 2028 година. Во тек е финализирање на ревидираната Нацрт-програмата за периодот 2025 - 2028 година | |
| Координација на МФ за навремено исполнување на обврските за подготовка на документите поврзани со процесот на европска интеграција (НПАА, придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови, мислења и др.) | Подготвени документи поврзани со процесот на европска интеграција (НПАА, Придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови и др.) | Континуирана реализацијаПодготвени и испратени до СЕП:<br>- забелешки на Нацрт-извештајот за скрининг за Кластерот 2: Внатрешен пазар, по извршената фактичка проверка за поглавјата 04 Слободно движење на капитал и 09 Финансиски услуги<br>- придонес кон Годишниот извештај на ЕК за периодот октомври 2023 - март 2024 година<br>- придонес кон Годишниот извештај на ЕК за периодот мај-август 2024 година | |
| Нацрт-годишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии | Подготвен Годишен извештај за УЈФ за 2023 година | **Реализирано.** Годишниот извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии е подготвен и усвоен од страна на Владата во август 2024 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка и реализација на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика | Одржан Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика | **Реализирано.**<br>Подготовката за Поткомитетот се одвиваше преку собирање пишан материјал, учество во Информација за подготовка на поткомитетот, одржани два подготвителни состанока, утврдување на агендата за Поткомитетот. Поткомитетот се одржа на 17.10.2024 година, по што следуваше Информација за одржаниот Поткомитет, утврдување на конечниот текст на Записникот, следење на пишаните одговори на прашањата и реализација на заклучоците што произлегоа од одржаниот Поткомитет | |
| Координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | Одржан Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција | **Реализирано.**<br>По повод оценската мисија за ПЕР 2024 - 2026 година од Генералниот директорат за економски и финансиски прашања (DG ECFIN), на 14 февруари 2024 година се одржа состанок во МФ на кој присуствуваа претставници од ДЕУ и од релевантните сектори во МФ. На состанокот беа дискутирани заедничките заклучоци во делот на фискалната политика<br>Министерскиот состанок се одржа на 14 мај 2024 година<br>Во моментов, релевантните институции работат на реализација на заедничките заклучоци<br>Новата ПЕР 2025 - 2027 година ќе биде доставена до ЕК најдоцна до 15 јануари 2025 година | |
| Макрофинансиска помош од ЕУ | Подготвено и доставено до ЕК барање за повлекување на првата транша од заемот | Континуирана реализација<br>На 25. 4.2024 година беше доставено барање до ЕК за повлекување на првата транша од заемот. ЕК ги одобри средствата во вкупен износ од 52,5 милиони евра и на 10.5.2024 година тие беа префрлени на буџетската сметка<br>Во август 2024 година беше доставено барање за информации од релевантните институции во врска со исполнувањето на условите за повлекување на втората транша | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2024 година, но истата се реализира во континуитет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од заемот. Обезбедени се првични информации и тие ќе се ажурираат редовно од страна на институциите. Втората транша ќе биде повлечена по исполнувањето на сите услови, што би требало да биде до крајот на 2025 година или првата половина од 2026 година | |
| Предлог-одлука за формирање Совет за управување со јавни финансии | Подготвена Предлог-одлука за формирање Совет за управување со јавни финансии | **Реализирано.**<br>Пред усвојувањето на секоја нова Програма за реформа на УЈФ од страна на Владата, се формира нов Совет за УЈФ со легитимитет додека трае/важи Програмата.<br>По донесувањето на ревидираната Програмаа за реформа на УЈФ за 2024 - 2027 година од страна на Владата ќе престане да се применува Програмата за реформа на УЈФ 2022-2025 година, а со тоа Советот за УЈФ формиран во 2022 година повеќе нема да биде легитимен. Во септември 2024 година, Владата ја усвои новата Одлука за формирање Совет за УЈФ за Програмата за реформа на УЈФ за 2024 - 2027 година. | Иако **не е планирана со Годишниот план за 2024 година**, оваа активност е реализирана |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Акциски план за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2024 година | Подготвен Акциски план за 2024 | **Нереализирано.**<br>Причината за нерализација на оваа активност се должи на пролонгирањето на донесувањето на новата Програма за реформи за УЈФ 2024-2027, а со тоа и Акциски план за 2024 година.<br>Програмата за реформи за УЈФ 2024-2027 со Акциски план за 2024 година во април 2024 година беа доставени до Владата, но истите не беа усвоени.<br>Во моментов се финализира Нацрт Програма за реформи за УЈФ 2025-2028 и Нацрт Акциски план за 2025 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Полугодишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2024 година за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - јуни 2024 година | Подготвен Полугодишен извештај за УЈФ периодот јануари - јуни 2024 година | **Нереализирано.**<br>Причината за нерализација на оваа активност се должи на пролонгирањето на донесувањето на новата Програма за реформи за УЈФ 2024-2027 и затоа ќе се подготви само Годишен извештај за напредок во спроведувањето на Програмата за реформа на УЈФ за 2024 година | |
| Координација на процесот на ревидирање на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии<br>со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии | Подготвена Програма за УЈФ со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии | **Нереализирано.**<br>Нацрт-програмата за реформа на УЈФ за 2024 - 2027 година беше доставена до Владата во април 2024 година, но таа не беше усвоена<br>Подготвена е ревидирана Нацрт-програма за реформа на УЈФ за периодот 2025 - 2028 година, согласно утврдените приоритетиво Програмата на Владата 2024 -2028 година, а нејзиното усвојување се предвидува за првиот квартал од 2025 година | |

| | | |
|---|---|---|
| **2.1.6.4 Потпрограма: Меѓународни финансиски односи** | **Цел на потпрограмата:**<br>Соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции и координација со овие институции околу активностите потребни за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации | **Одговорен:**<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи |

| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Навремено завршување на преговорите за обезбедување поволни заеми (подготовка на договори за заем и договори за гаранција) и инвестициски грантови (подготовка на договори за обесштетување од страна на државата по основ на инвестициски грантови) за реализација на проектите на Владата на Република Северна Македонија | Завршени преговори и усогласен текст на следните договори:<br>- Амандман бр.6 на Договорот за паратнерство за развој помеѓу Р. Северна Македонија и САД;<br>- Амандман на Договор за заем за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија;<br>- Амандман на Договор за гаранција за проектот „Интерконектор за пренос на | Склучени се следните договори:<br>- Амандман бр.6 на Договорот за паратнерство за развој помеѓу Р. Северна Македонија и САД;<br>- Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Унгарската експорт - импорт банка; - Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели помеѓу Република Северна | Собранието го усвои Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи помеѓу Европската инвестициска банка и Акционерското друштво за вршење енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и тој беше објавен во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија;<br>- Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели;<br>- Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели; - Договор за обесштетување од страна на државата, кој ќе се склучи по основ на Договорот за грант за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици | Македонија претставувана од Министерството за финансии и Унгарската експорт - импорт банка.<br>Склучен е Меморандум за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија | „Службен весник“ бр.255/24. Амандманот на Договорот за заем и Амандманот на Договорот за гаранција за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија, ќе се склучат во јануари/февруари 2025 година.<br>По усвојување на Информацијата за потребата од склучување Договор за обесштетување од страна на државата за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, Владата ќе пристапи кон склучување на договорот помеѓу Европската банка за обнова и развој и Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии |
| Предлог-одлука за зголемување на квотата на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд | Усвоена Предлог-одлука од страна на Владата и објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.227/24 | Народната банка на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за финансии постапува по одредбите од Одлуката | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2024 година и е реализирана |
| Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 13-та седница одржана на 3.4.2024 година | Информацијата е со статус заклучно со 31.12.2023 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2024 година и е делумно реализирана |
| | Информацијата е подготвена и доставена до Владата на 30.5.2024 година, но таа не е усвоена од страна на Владата | Информацијата е со статус заклучно со 31.3.2024 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | |
| | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 40-та седница одржана на 17.12.2024 година | Информацијата е со статус заклучно со 30.6.2024 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Информацијата со статус заклучно со 31.12.2024година е во тек на подготовка. Во тек е и обезбедувањето на податоците од надлежните министерства и институции согласно заклучоците на Владата од 40-та седница одржана на 17.12.2024 година | |
| Учество во Националниот инвестициски комитет | | | Секретаријатот за европски прашања, како надлежна институција, во 2024 година не организираше состаноци на Националниот инвестициски комитет |
| Учество во Стратешкиот одбор и во Оперативниот одбор на Инвестициската рамка за Западен Балкан | Учеството во Стратешкиот одбор и во Оперативниот одбор коишто се одржаа во јуни и декември 2024 година придонесе за учество и следење на процесот на поднесување и одобрување на апликациите за техничка помош и за инвестициските грантови за одделни проекти | Обезбеден грант за техничка помош за подготовка на потребната документација за следните проекти:<br>- Изградба на делницата од железничкиот Коридор VIII – западна страна од Кичево до границата со Република Албанија<br>- Реконструкција на паневропскиот железнички Коридор X - одржување на инфраструктурата | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2024 година и е реализирана |
| Информација за потребата од назначување агент за процесни услуги на ЈП за државни патишта како заемопримач и Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии како гарант, во обезбедувањето заем од Експорт – импорт банка на Кина за дополнително финансирање на „Проект за изградба на автопат – делница Кичево – Охрид“ | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 14-та седница одржана на 9.4.2024 година | Постапено е согласно заклучоците на Владата, односно Ексим банката е известена за назначениот агент за процесни услуги на ЈП за државни патишта | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-одлука за именување гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународна банка за обнова и развој, Меѓународно здружение за развој, Меѓународна финансиска корпорација и Мултилатерална агенција за гарантирање на инвестициите | Предлог-одлуката е усвоена од страна на Владата на 3-та седница одржана на 5.7.2024 година | Доставено известување до Светска банка за Одлуката за именување на новиот гувернер на Република Северна Македонија | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-одлука за именување гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој | Предлог-одлуката е усвоена од страна на Владата на 3-та седница одржана на 5.7.2024 година | Доставено известување до Европската банка за обнова и развој за Одлуката за именување на новиот гувернер на Република Северна Македонија | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предлог-одлука за зголемување на капиталот на Европската банка за обнова и развој со запишување дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија | Предлог-одлуката е усвоена од страна на Владата на 15-та седница одржана на 27.8.2024 година | Министерството за финансии постапува по одредбите од Одлуката | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од склучување Амандман бр.6 на Договорот за партнерство за развој помеѓу Р. Северна Македонија и САД | Информацијата е усвоена од страна на Владата на 15-та седница одржана на 27.8.2024 година | Согласно заклучоците, Амандманот бр.6 на Договорот за паратнерство за развој помеѓу Р. Северна Македонија и САД е склучен | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка | Предлог-законот е усвоен од страна на Владата на седницата одржана на 17.9.2024 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и потоа објавен во „Службен Весник“ бр.194/24. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од обезбедување втор заем од Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, за буџетско финансирање и финансирање на општи цели | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 26-та седница одржана на 16.10.2024 година | Постапено по Заклучокот. На 1.11.2024 година доставен е допис до Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за заемот за проектот „Воведување брз автобуски превоз во Град Скопје“ | Информацијата е подготвена и доставена до Владата на разгледување и усвојување | | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи помеѓу Европската инвестициска банка и Акционерското друштво за вршење енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка | Предог-законот е разгледан и усвоен од страна на Владата на 33-та седница одржана на 19.11.2024 година | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и објавен е во „Службен весник“ бр.255/24. Амандманот на Договорот за заем и Амандманот на Договорот за гаранција за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија ќе бидат склучени во јануари/февруари 2025 година | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги | Предог-законот е разгледан и усвоен од страна на Владата на 36-та седница одржана на 3.12.2024 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и објавен е во „Службен весник“ бр.3/25. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги | Предог-законот е разгледан и усвоен од страна на Владата на 36-та седница одржана на 3.12.2024 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и објавен е во „Службен весник“ бр.3/25. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор | Предог-законот е разгледан и усвоен од страна на Владата на 36-та седница одржана на 3.12.2024 година | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и објавен „Службен весник“ бр.3/25 | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување | Предог-законот е разгледан и усвоен од страна на Владата на 36-та седница одржана на 3.12.2024 година | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и објавен „Службен весник“ бр.3/25 | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од примена на посебни правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка | Информацијата е подготвена и треба да се достави до Владата на разгледување и усвојување | | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е во тек на реализација |
| Информација за потребата од потпишување Меморандум за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 36-та седница одржана на 3.12.2024 година | Согласно заклучоците, Меморандумот за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија е склучен | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договорот за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели | Предог-законот е разгледан и усвоен од страна на Владата на 38-та седница одржана на 10.12.2024 година | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието и објавен „Службен весник“ бр.256/24 | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од склучување Договор за обесштетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици | Информацијата е подготвена и треба да се достави до Владата на разгледување и усвојување | По усвојување на Информацијата за потребата од склучување Договор за обесштетување од страна на државата, Владата ќе пристапи кон склучување на договорот помеѓу Европската банка за обнова и развој и Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е во тек на реализација |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за финансирање на проектот „Подобрување на искористувањето на водата од сливот на реката Злетовица, фаза 2 - Наводнување и фаза 3 – Производство на електрична енергија“ | | | Оваа активност нема да се реализира во 2024 година |

| 2.1.6.5 Потпрограма: Управување со јавни инвестиции | Цел на потпрограмата:<br>– Фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти<br>– Процена и следење на јавните инфраструктурни проекти, пред сè од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста | | Одговорен:<br>– Сектор за управување со јавни инвестиции |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Екипирање на Секторот за управување со јавни инвестиции | Воспоставен и екипиран Сектор за управување со јавни инвестиции; | Секторот за управување со јавни инвестиции во моментот брои 6 вработени од 14 планирани | Во 2024 нема нови вработувања Екипирањето треба да продолжи во текот на 2025 година |
| Обука на вработените за процена на проекти, преглед на прединвестициски студии и мониторинг на проекти | Спроведени обуки за вработените | Обуката на службеници од релевантните јавни институции за основите на управувањето со јавните инвестиции беше спроведена во мај 2024 година со техничка помош од Светска банка | Обуките треба да се интензивираат во текот на 2025 година |
| Развој на општа методологија за процена на проектот и утврдување на цените во сенка | Воспоставена правна рамка за извршување на функциите на МФ за управување со јавни инвестиции | Подготвена Уредба за управување со јавни инвестиции која треба да биде усвоена од страна на Владата<br>Подготвени прирачник за процесите и упатство за процена на проектот | Прирачникот за процесите и упатството за процена (физибилити студија) на проектот треба да бидаат објавени од страна на МФ откако Владата ќе ја донесе Уредбата |
| Воспоставување мониторинг заснован на ризик на централно ниво | Воспоставена правна рамка за извршување на функциите на МФ за управување со јавни инвестиции | Подготвена Уредба за управување со јавни инвестиции која треба да биде усвоена од страна на Владата<br>Подготвени прирачник за процесите и упатство за процена на проектот | Прирачникот за процесите и упатството за процена (физибилити студија) на проектот треба да бидат објавени од страна на МФ откако Владата ќе ја донесе Уредбата |
| Развој на стандардни критериуми за селекција на проект | Воспоставена правна рамка за извршување на функциите на МФ за управување со јавни инвестиции | Подготвена Уредба за управување со јавни инвестиции која треба да биде усвоена од страна на Владата<br>Подготвени прирачник за процесите и упатство за процена на проектот | Прирачникот за процесите и упатството за процена (физибилити студија) на проектот треба да бидаат објавени од страна на МФ откако Владата ќе ја донесе Уредбата |
| Развој на краткорочно ИТ решение (ПИМИС) за управување со јавни инвестиции | Воспоставена правна рамка за извршување на функциите на МФ за управување со јавни инвестиции | Во тек е адаптација на ексел базиран ИТ решение на ММФ за Управување со јавни инвестиции (ПИМИС) за потребите на МФ | Активноста започна во јуни 2024 и развојот на ИТ решението е во тек |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;<br>– Обезбедување владеење на правото, независност на правосудството;<br>– Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;<br>– Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување владеење на правото;<br>– Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>– Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.<br>Приоритетни цели:<br>– спроведување политика за задржување на кадарот кој работи на процесот на евроинтеграција и пристапни преговори и на структурата за ИПА структурата со цел ефикасно и квалитетно управување и координација на процесот на преговори и европски фондови;<br>– зајакнување на човечките капацитети на секторите/одделенијата во сите министерства и органите на државната управа, кои работат на процесот на интеграција на земјата во Европската Унија;<br>– креирање системски политики за добро владеење и зголемување на транспарентноста и јакнење на интегритетот на носителите на функции и на раководните лица;<br>– одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;<br>– одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето на и располагањето со јавните средства;<br>– унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;<br>– квалитетна подготовка, планирање, спроведување и известување за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците;<br>– ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола и спроведување финансиска инспекција и зајакнување на финансиската дисциплина со цел зајакнување на контролата во трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор и корисниците на јавни средства или гаранции и заштита на финансиските интереси на Европската Унија;<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето и располагањето на јавните средства;<br>– Унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;<br>– Ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;<br>– Подобрување на законската институционална и оперативна рамка во превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија;<br>– Стручна, професионална и департизирана администрација;<br>– Дигитализирана јавна администрација. | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.7 Програма: Јавна внатршна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор** | **Цел на програмата:**<br>Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ | | **Одговорен:**<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| **2.1.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Зајакната внатрешна контрола во јавниот сектор | | **Одговорен:**<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година | Подготвен Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година | Целосно постигнати цели | Спроведена анализа на годишните извештаи за ЈВФК и подготвен Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година<br>На 31.7.2024 година, Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година беше доставен до Генералниот секретар на Владата на РСМ и прикачен на мултиплатформскиот систем е-Влада |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | На 38-та седница одржана на 10 декември 2024 година, Владата на РСМ 38-та седница, го разгледа и усвои „Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година“ со соодветни заклучоци по него. Заклучоците од ЦЕХ се препратени до сите буџетски корисници од прва линија и до општините |
| Координирање на обуките за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија | Организирани обуки за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија | Целосно постигнати цели | - Организирани две еднодневни работилници наменети за вработените во ЕФП, координаторите за управување со ризици и вработените вклучени во стратешкото планирање на институциите на централно и локално ниво на тема „Презентација на резултатите и дадените препораки за финансиско управување и контрола во пет пилот-институции“<br>- Организирани четири сесии на работилница наменета за внатрешните ревизори, вработените во ЕФП, како и за високото раководство на субјектите од јавниот сектор на тема „Презентација на идните реформи во областите на ЈВФК според Нацрт-законот за ЈВФК пред соодветните засегнати страни“<br>- Организирани две еднодневни работилници наменети за вработените во ЕФП на институциите на централно и локално ниво на тема „Финансиско управување и контрола - практична имплементација на централно и локално ниво“<br>- Организирани две еднодневни работилници наменети за внатрешните ревизори на институциите на централно и локално ниво на тема „Изработка на стратешки и годишни работни планови за внатрешна ревизија“<br>- Организирани две еднодневни работилници наменети за внатрешните ревизори на институциите на централно и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | локално ниво на тема „Консултативни ангажмани на внатрешната ревизија и практично искуство во примената на ревизорските алатки, техники и методи“<br>- Организирани две дводневни обуки наменети за внатрешните ревизори на тема „Спроведување ревизија на успешност“ и „Спроведување ИТ ревизија“, кои Секторот за централна хармонизација на системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ги организира во рамки на Програмата за билетарална соработка со Министерството за финансии на Холандија<br>- Организирани две дводневни работилници на тема „Спроведување процена на квалитетот во финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија“ и „Менаџерска отчетност, управување со ризици и стратешко планирање“, кои Секторот за централна хармонизација на системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ги организира во рамки на Програмата за билетарална соработка со Министерството за финансии на Холандија<br>- По барање на Централната единици за хармонизација (при учество на редовните состаноци на извршниот одбор на ПЕМПАЛ ИАКОП (PEMPAL IACOP)) ПЕМПАЛ ИАКОП организираа вебинар на тема „Практични совети за спроведување на новите глобални стандарди за внатрешна ревизија на ИВР“ (“PRACTICAL ADVICE ON IMPLEMENTING THE IIA’S NEW GLOBAL INTERNAL AUDIT STANDARDS“) Целокупната организација за учество на нашите внатрешни ревизори на овој вебинар беше спроведена од страна на Централната единица за хармонизација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Внатрешните ревизори, вработените од единиците за финансиски прашања и координаторите за управување со ризици од институциите на централно и локално ниво,земаа учество на онлајн обуката „Управување со ИТ ризици“ ("IT Risk Management"), организирана од страна на ЦЕФ - Љубљана<br>- Внатрешните ревизори на централно и локално ниво беа известени од страна на ЦЕХ за учество на вебинар на тема „Практични совети за спроведување на новите глобални стандарди за внатрешна ревизија на ИВР“ ("Practical advice on implementing the IIA's New Global Internal Audit Standards“), со фокус на Домен 5 „Извршување услуги за внатрешна ревизија“, организиран од страна на ПЕМПАЛ ИАКОП (PEMPAL IACOP) |
| Спроведување проверка на квалитетот на финансиското управување и контрола и работењето на внатрешната ревизија | Спроведена проверка на квалитетот на финансиското управување и контрола и на внатрешната ревизија | Целосно постигнати цели | - Спроведена проверка на квалитет на работењето на единицата за внатрешна ревизија во Агенција за катастар на недвижности, Општина Велес и во Министерството за финансии<br>- Спроведена проверка на квалитет на финансиското управување и контрола во Агенција за катастар на недвижности, Општина Велес и во Министерството за финансии |
| Поглавје 32 - Финансиска контрола – спроведување на активностите во согласност со „Одлука за воспоставување структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 200/2022 и измените) | Поглавје 32 - Финансиска контрола - целосно спроведени активности за работната група | Целосно постигнати цели | Сите активности ањ координирани и сите потребни документи во врска со Поглавјето 32 се подготвени по барање на СЕП и ЕК Координација на активностите и Анализа на извештајот на Европската комисија за РСМ за 2024 година во делот на Поглавјето 32 - Финансиска контрола<br>Министерството за финансии, преку ЦЕХ, има главна улога во целокупната координација и подготовка на сите материјали и извештаи за Поглавјето 32 – Финансиска контрола |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активности поврзани со учество во работната група за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти | Спроведени активности поврзани со учество во работната група за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти | Целосно постигнати цели | Сите потребни документи во врска со Поглавјето 22 се подготвени по барање на СЕП и ЕК<br>Анализа на извештајот на Европската комисија за РСМ за 2024 година во делот на Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти<br>ЦЕХ има член во работнта група за Поглавјето 22, во делот на активностите поврзани со ЈВФК |
| Анализа на документацијата доставена од единиците за финансиски прашања | Спроведена анализа на документацијата доставена од единиците за финансиски прашања | Целосно постигнати цели | Извршена е анализа на следните документи доставени од страна на единиците за финансиски прашања од институциите на централно и локално ниво:<br>- решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2024 година (дополнително и по ребалансот на Буџетот),<br>- решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2025 година,<br>- решенија за генерални овластувања за вкупниот одобрен буџет за 2024 година (дополнително и за ребалансот на Буџетот),<br>- решенија за генерални овластувања за вкупниот одобрен буџет за 2025 година,<br>- регистри на овластувања на вкупниот одобрен буџет за 2024 година (дополнително и за ребалансот на Буџетот),<br>- регистри на овластувања на вкупниот одобрен Буџет за 2025 година<br>- планови за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола<br>- регистри и стратегии за управување со ризици<br>- извештаи за степенот на децентрализација на одобрениот буџет за 2023 година<br>- извештаи за планирани и потрошени средства по ставки (споредбен табеларен приказ) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - извештаи за реализирани програми, проекти и договори<br>- извештаи за спроведените самопроцени на системот за финансиско управување и контрола спроведени од раководителот на субјектот преку единицата за финансиски прашања<br>- извештаи за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола<br>- изјави за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли<br>- известувања за постапување по заклучоците усвоени од страна на Владата на РСМ во врска со Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година, а кои се однесуваат на етичкиот кодекс, како и на планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на ФУК |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на документацијата доставена од единиците за внатрешна ревизија | Спроведена анализа на документацијата доставена од единиците за внатрешна ревизија | Целосно постигнати цели | Извршена е анализа на следните документи доставени од страна на единиците за внатрешна ревизија од институциите на централно и локално ниво:<br>- стратешки планови за внатрешна ревизија за 2024 - 2026 година и 2025 - 2027 година<br>- годишни планови за внатрешна ревизија за 2024 година (како и нивните измени) и годишни планови за внатрешна ревизија за 2025 година<br>- прегледи на високи ризици рангирани согласно извршената Процена на ризиците во планирањето на внатрешната ревизија<br>- извештаи за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија<br>- известувања за постапување по заклучоците усвоени од страна на Владата на РСМ во врска со Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година, а кои се однесуваат на спроведувањето внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици |
| Подготовка на мислења во врска со конечните извештаи од ДЗР и мислења по барање на институциите во врска со Јавната внатрешна финансиска контрола | Подготовка на мислења во врска со конечните извештаи од ДЗР и мислења по барање на институциите во врска со Јавната внатрешна финансиска контрола | Целосно постигнати цели | Изготвени се вкупно 35 мислења во врска со конечните извештаи од Државниот завод за ревизија и доставени до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, како и 6 мислења по барање на институции во врска со јавната внатрешна финансиска контрола |
| Подготовка на целокупната потребна документација за Реформската агенда за Планот за раст во делот на реформската активност за Јавна внатрешна финансиска контрола | Подготовка на целокупната потребна документација за Реформската агенда за Планот за раст во делот на реформската активност за Јавна внатрешна финансиска контрола. | Целосно постигнати цели | Подготвена е целокупната документација<br>Учество на билатералниот состанок со Европската комисија и на координативните состаноци за подготовка на документот и за следење на неговата реализација<br>Во рамки на секторот се правеа подготовки за учество на Објаснувачкиот состанок за Реформската агенда со ЕК (подготовка на соодветниот материјал за потребите на состанокот и учество на него)<br>**(Оваа активност не беше планирана во ГП)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Оценска мисија на СИГМА | Координација на оценската мисија на СИГМА и анализа на извештајот | Целосно постигнати цели | - Учество на координативни состаноци со СИГМА и интервјуа<br>- Подготовка на одговори и доставување на документацијата во врска со Принципот 26 - Внатрешна контрола и Принципот 27 – Внатрешна ревизија<br>- Подготовка на насоки и координативни активности со институциите опфатени со оценската мисија за делот од прашањата за Јавна внатрешна финансиска контрола<br>- Анализа на извештајот од оценската мисија на СИГМА<br>**(Оваа активност не беше планирана во ГП)** |
| Мисија на Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН) | Подготовка на соодветниот материјал (позадински материјал) за потребите на мисијата на Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН) | Целосно постигнати цели | Секторот ги направи сите неопходни подготовки за 21-от состанок на ЕКФИН (подготовка на позадински материјал и одговори на дополнителни прашања)и зема учество на него<br>**(Оваа активност не беше планирана во ГП)** |
| Анализа на ревизорските извештаи кои ГС на Владата на РСМ ги доставува до МФ и кои произлегуваат од Заклучокот на Владата „сите буџетски корисници да преземат итни активности во рамките на своите институции и единките корисници во насока на спроведување вонредни ревизии за утврдување на наменското трошење на финансиските средтва на Буџетот“ | Анализа на ревизорските извештаи кои ГС на Владата на РСМ ги доставува до МФ и кои произлегуваат од соодветниот Заклучок на Владата | Целосно постигнати цели | Во текот на 2024 година ГС на Владата на РСМ испрати до МФ 10 извештаикои се евидентирани и анализирани, а воедно е подготвено кратко резиме за нив<br>**(Оваа активност не беше планирана во ГП)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одржување обука преку Академијата за јавни финансии | Подготовка на соодветниот материјал (презентација и практични примери) и одржување на обуките | Целосно постигнати цели | Во текот на 2024 година, Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, преку Академијата за јавни финансии, одржа обуки на тема:<br>- „Управување со ризици (важноста на управувањето со ризик, практични примери за стретешки и оперативни ризици во јавниот сектор, практични примери за процена на ризик и регистар на ризик)“<br>- „Внатрешна ревизија - почетно ниво“<br>- „Финансиско управување, контрола и сметководство, известување, информации и комуникации (поврзаност на финансиското управување и контрола со финансиското сметководство и подготовка на извештаи за менаџментот - Управувачко сметководство)“<br>**(Оваа активност не беше планирана во ГП)** |
| Состанок на Специјалната работна група за РЈА | Подготовка на соодветниот материјал (позадински материјал) за потребите на состанокот и учество на 13. Состанок на Специјалната работна група за РЈА | | Во текот на 2024 година, Секторот ги направи неопходните подготовки за учество на состанокот на Специјалната работна група за РЈА и зема учество на него<br>**(Оваа активност не беше планирана во ГП)** |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | Во тек | | Оваа активност ќе се спроведува во рамки на ИФМИС. Во јули 2023 година заедно со експертите што работат на техничката спецификација и работното тело, ЦЕХ учествуваше во креирање нов модул за ЈВФК во техничката спецификација за ИФМИС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување обука и испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор | Собранието на РСМ го усвои Предлог-законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор на 12.12.2024 година и тој е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 255/2024 | | Централната единица за хармонизација во соработка со експертите од твининг-проектот подготви материјали (учебници) на англиски јазик за трите модули (внатрешна ревизија, финансиско управување и контрола и сметководство) . Материјалите се преведени преку твининг-проектот<br>Исто така, беше изготвена и база на прашања од претходно наведените учебници/модули<br>Во текот на 2025 година овие нацрт-материјали ќе треба дополнително да се усогласат со новите Глобални стандарди за внатрешна ревизија, коишто се во сила од 9.1.2025 година. Собранието на РСМ го усвои Предлог-законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор на 12.12.2024 година |
| Подготовка на подзаконски акти, прирачници и упатства по усвојувањето на Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор | Предлог-законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор беше усвоен од страна на Собранието на РСМ на 12.12.2024 година и тој е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 255/2024 | | Согласно Законот, подзаконските акти предвидени со Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ќе бидат донесени во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Воедно, динамиката/приоритетот за нивно донесување ќе биде согласно Акциски план, кој треба да се подготви согласно Реформската агенда |

| 2.1.7.2 **Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ;<br>– Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување преку спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор;<br>– Подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ. | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор | Извршени финансиски инспекции | Број на извршени финансиски инспекции – 538 | Финансиската инспекција кај субјектите од јавниот сектор се спроведува континуирано, врз основа на закон |
| Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2023 година | Изготвен Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2023 година | Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2023 година, како материјал за информирање, е разгледан | Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2023 година е изготвен и разгледан како материјал за информирање на Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 3 април 2024 година |
| Имплементација на активности во рамки на ИПА твининг-проектот „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола“ преку спроведување пилот-инспекции преку спроведување обуки/работилници од областа на финансиската инспекција | Ефикасна и ефективна финансиска инспекција со зајакнати капацитети | | Со поддршка од експерти од твининг-проектот беа спроведени 4 пилот-инспекции<br><br>Експерт од твининг-проектот одржа работилница за разликите помеѓу инспекцијата и внатрешната контрола |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Финализирање на конечните подзаконски и интерни акти кои произлегуваат од новиот Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор, согласно мислењата од Секретаријатот за законодавство и нивно објавување во „Службен весник на РСМ“ и/или на веб-страницата на Министерството за финансии | | | На 30.1.2023 година Собранието на РСМ го усвои новиот Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор и тој влезе во сила на 7.2.2023 година, по што отпочна постапката за изготвување нацрт подзаконски и интерни акти<br><br>Донесени се следните подзаконски и интерни акти:<br><br>- Правилник за формата и содржината на записникот за извршена финансиска инспекција, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција не доставиле забелешки во хартиена форма, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција навремено доставиле забелешки во хартиена форма, но тие не се прифатени од финансискиот инспектор и формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција доставиле забелешки во хартиена форма со нови факти и материјални докази кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот и тие се прифатени од финансискиот инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/23)<br>- Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на записникот за извршена финансиска инспекција, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција не доставиле забелешки во хартиена форма, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | субјектите на финансиската инспекција навремено доставиле забелешки во хартиена форма, но тие не се прифатени од финансискиот инспектор и формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција доставиле забелешки во хартиена форма со нови факти и материјални докази кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот и тие се прифатени од финансискиот инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/24)<br>- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог и за евиденцијата за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/23)<br>- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за податоците кои се однесуваат на спроведените финансиски инспекции (објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.29/24)<br>- Правилник за формата и содржината на образецот за службената легитимација, како и начинот на нејзиното издавање, одземање и замена (објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.29/24). - Програма за полагање испит за стекнување лиценца за финансиски инспектор (објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.29/24)<br>- Правилник за начинот на спроведување на испитот за стекнување лиценца за финансиски инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/24)<br>- Правилник за формата и содржината на образецот за лиценца за финансиски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/24)<br>- Упатство за начинот на утврдување на приоритетноста на пријавите<br>- Исправка на Упатството за начинот на утврдување на приоритетноста на пријавите<br>- Тарифник за утврдување на висината на паричниот надоместок за обучувачи за специјализирана обука за финансиски инспектор<br>- Тарифник за утврдување на висината на паричниот надоместок за обучувачи на обуката за стекнување лиценца за финансиски инспектор<br>- Тарифник за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за организирање и спроведување на обуката за стекнување лиценца за финансиски инспектор<br>- Правилник за начинот на ангажирање на обучувачите за спроведување на обуките за стекнување лиценца за финансиски инспектор<br>- Програма за теоретска обука и практична работа за стекнување лиценца за финансиски инспектор, како и утврдување на формата и содржината на потврдата за успешно завршена теоретска обука за стекнување лиценца за финансиски инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.276/24)<br>- Правилник за начинот на ангажирање на обучувачите и начинот на спроведување на специјализираните обуки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.166/24)<br>- Програма за обуки за вршење финансиска инспекција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/24)<br>Упатството за начинот на следење, мерење и процена на ефективноста на финансиската |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | инспекција во јавниот сектор е во финална фаза на подготовка<br><br>Подготвена е Нацрт-процедура за вршење финансиска инспекција, којашто е доставена на одобрување до тимот за квалитет во Министерството за финансии |
| Усвојување интерна процедура за работа на одделението АФКОС | | | Внатрешната процедура на одделението АФКОС е одобрена и потпишана од страна на државниот секретар |
| Спроведување на Акцискиот план 2024 - 2025 година за имплементација на Националната стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ | Процент на реализација на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија - 53% | Согласно Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, поголемиот дел од предвидените активности се реализирани или се во тек на реализација со цел обезбедување ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси | Реализирани активности во рамки на ИПА твининг-проектот:<br>- Обука за напреден курс за процена на ризик од измама од областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ<br>- Измена на Упатството за процена на ризик од измама заради усогласување со Рамковната спогодба за ИПА 3 и Уредбата за структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија<br>- Подготвен и усвоен Акциски план 2024 - 2025 година за спроведување на Стратегијата од страна на ВРСМ<br>- Обука за комуникација и информирање во однос на заштита на финансиските интереси на Европската Унија во РСМ<br>- Обука за обучувачи<br>- Обука за зајакнување на соработката помеѓу институциите од системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија со истражните органи.<br>- Одржан состанок на мрежата АФКОС (14.5.2024 година)<br>- Реализирана TAIEX експертска мисија, работилница и студиска посета во Загреб, Р. Хрватска на тема „Употреба на систем за управување со неправилности (IMS)“<br>- Присуство на семинар на АФКОС организиран од ОЛАФ во периодот 14-16 октомври 2024 година во Брисел, Белгија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Усогласени предлог-меморандуми за соработка со Министерството за внатрешни работи и Државниот завод за ревизија и доставени до Кабинетот на министерот |
| Извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година со Акциски план за 2023 година | Изготвен Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година во 2022 година со Акциски план за спроведување 2022 – 2023 година | | На 26-та седница одржана на 16.10.2024 година Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведувањето на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ 2022 - 2025 година со Акциски план за 2023 година |
| Активно учество во реализацијата на активностите за Поглавјето 32 - Финансиска контрола во рамки на НПАА | Придонес во исполнувањето на препораките дадени во Извештајот на Европската комисија во врска со напредокот на РСМ за Поглавјето 32 | | Подготвен придонес/извештај за периодот јануари - декември 2024 година (на квартално ниво) од областа на заштита на финансиските интереси на Европската Унија во РСМ по барање на ДЕУ во Скопје<br>- Присуство на Поткомитетот за економско-финансиски прашања, одржан на 17.10.2024 година и придонес во утврдувањето на заклучоците што произлегуваат од него во делот на заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ<br>- Дадени забелешки во Извештајот на Европската комисија за 2024 година во врска со напредокот |
| Активно учество во реализацијата на активностите за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти во рамки на НПАА | Придонес во давањето податоци за исполнување на препораките дадени во Извештајот на Европската комисија во врска со напредокот на РСМ за Поглавјето 22 | | - Дадено известување за донесување Уредба за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ со инкорпорирани одредби за воспоставување на мрежата на АФКОС<br>- Подготвен ажуриран придонес во областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ заклучно со август 2024 година и доставен до ЦФСД<br>- Даден придонес во делот на комплементарни прашања доставени од страна на DG Near преку Секторот за централно финансирање и склучување договори |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија | Изготвена Уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија | | Усогласениот текст на Уредбата со Секретаријат за законодавство и со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24) е доставен до ВРСМ на усвојување |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– Зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста. | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.8 Програма: Управување со државни средства** | **Цел на програмата:**<br>Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките на експропријација, како и имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање и управување со имотот стекнат по разни основи и наплата на побарувањата од должниците | | **Одговорен:**<br>– Управа за имотноправни работи<br>– Сектор за управување со средства |
| **2.1.8.1 Потпрограма: Нормативно имотно-правни и облигациони работи** | **Цел на потпрограмата:**<br>Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките на експропријација, како и имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање и управување со имотот стекнат по разни основи и наплата на побарувањата од должниците | | **Одговорен:**<br>– Управа за имотноправни работи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Имплементација на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Број на завршени предмети за приватизација на градежно земјиште во државна постапка | Бројот на решени предмети постојано се зголемува, а напредокот се следи преку месечните извештаи за бројот на завршени постапки за приватизација и бројот на постапките што се во тек, кои се доставуваат од подрачните одделенија | Континуирана активност |
| Имплементација на Законот за експропријација | Навремено и итно завршување на предметите за експропријација согласно законските рокови | Напредокот во завршувањето на предметите се следи преку извештаите за реализација на конкретните проекти од јавен интерес, коишто се доставуваат од подрачните одделенија | Континуирана активност |
| Тековно давање мислења согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | Континуирано и навремено изготвување мислења до Владата на Република Северна Македонија, државни органи, институции основани од државата и други физички и правни лица | Навремено изготвување мислења согласно роковите дадени од Владата на Република Северна Македонија | Континуирана активност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управување со системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Континуирано одржување на системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Редовно и ефикасно одржување и функционирање на системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Континуирана активност |
| Навремено и ефикасно давање одговор по поднесени претставки и предлози согласно Законот за постапување по претставки и предлози | Број на одговорени претставки и предлози | Доставување одговор на претставките во рокот определен во Законот | Континуирана активност |
| Постапување по барања и други поднесоци упатени до Управата за имотноправни работи од страна на подрачните одделенија или од други органи, физички и правни лица | Навремено доставување на одговор на доставените барања и поднесоци | Навремено изготвување одговор | Континуирана активност |
| Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2024 година, но таа е реализирана<br>Со Законот се дополнуваат и допрецизираат одредби од Законот коишто се однесуваат на јавниот интерес од областа на енергетиката, односно допрецизирање и дополнување на одредбите од Законот коишто се однесуваат на постапката со цел поефикасно и навремено завршување на постапките. Законот е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.208/24 |
| Донесена е Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Штип | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2024 година, но таа е реализирана заради обезбедување деловен простор за вработените на подрачното одделение во Штип<br>Одлука на Влада на РСМ бр.41-1582/8 од 27.8.2024 година |
| Донесена е Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Охрид | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2024 година, но таа е реализирана со цел запишување на правото на користење на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение во Охрид<br>Одлука на Влада на РСМ бр.41-1445/7 од 3.4.2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесена е Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Делчево | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2024 година, но таа е реализирана со цел запишување на правото на користење на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение во Делчево Одлука на Влада на РСМ бр.41-1443/5 од 3.4.2024 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.1.8.2 Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците** | **Цел на потпрограмата:**<br>Наплата на побарувања, ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања и продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со средства |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Писмена преписка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија (барање известувања и одговори за состојбата на поведените постапки) | Соработка со Државното правобранителство за преземање мерки за иницирање нови постапки, ефикасно завршување на поведените постапки и преземање мерки за реализација на правосилни и извршни акти и мерки за преземање на имотот стекнат во стечајни и извршни постапки | Континуирана соработка со Државното правобранителство | |
| Барање за нови процени и ургенции за процена на имот до Бирото за судски вештачења | Доставени барања/ургенции за процена до Бирото за процена | Континуирана соработка со Бирото за процена | |
| Постапување по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (донесување управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставување до првостепените органи | Континуирана соработка со Управниот суд, Вишиот управен суд и првостепените органи | |
| Спроведување на Акцискиот план за попис на имот | Спроведен акциски план за попис на имот | Сметководствена евиденција и состојба на лице место | |
| Извештај на Комисијата за попис на побарувањата и обврските и на недвижен и движен имот | Изготвен Извештај за попис на побарувањата и обврските и на недвижен и движен имот | Сметководствена евиденција и состојба на лице место | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Завршни сметки | Изготвени завршни сметки | Сметководствена евиденција | |
| Поднесување опомени и известувања до должници | Поднесени опомени и известувања до должници | Континуирана соработка со Државното правобранителство | |
| Продажба на имот стекнат во постапка за наплата на побарувања за кој се добиени процени од Бирото за судски вештачења | Изготвени Информации до Владата на Република Северна Македонија со Предлог-одлуки за продажба на имот | Континуирана соработка со Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Република Северна Македонија, корисник Министерство за финансии | |
| Постапување по заведени управни спорови пред Управниот и пред Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (дописи до првостепените органи, одговори на тужби и одговори на жалби до судовите) | Изготвени дописи/одговори на тужби/одговори на жалби до првостепените органи/Управен суд | Континуирана соработка со Управниот суд, Вишиот управен суд и првостепените органи | |
| Обезбедување комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Обезбедена комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Сметководствена евиденција | |
| Следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржувањето на должниците до отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците | Следење и преземање мерки за наплата на побарувањата | Континуирана соработка со Државното правобранителство | |
| Постапување по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставени до Управата за јавни приходи | Континуирана соработка со Управата за јавни приходи | |
| Активирање на инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на донации/поднесување барање за поведување судска постапка за наплата на побарувања | Навремено активирање на инструментите | Континуирана соработка со Секторот за трезор и Управата за јавни приходи | |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

## 2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2024 година

Иницијативи во надлежност на Министерството за финансии кои биле доставени до Владата на Република Северна Македонија согласно Годишната програма за работа за 2024 година

| Иницијативи доставени до Владата согласно Годишната програма за работа за 2024 година | Иницијативи кои биле предвидени согласно Годишната програма, а не се доставени | Организациона единица |
|---|---|---|
| 1. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (четврти квартал 2023 година) | | Секор за меѓународни финансиски односи |
| 2. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (прв квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 3. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (втор квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 4. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (трет квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 5. Нацрт-годишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| | 6. Нацрт-полугодишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2024 за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - јуни 2024 година | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| | 7. Предлог-програма за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2024 - 2027 година | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| | 8. Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2024 година | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| | 9. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за финансирање на проектот „Подобрување на искористувањето на водата од сливот на реката Злетовица, фаза 2 - Наводнување и фаза 3 – Производство на електрична енергија“ | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 10. Извештај за спроведувањето на Националната стратегија за борба против измами и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година со Акциски план | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 11. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2023 година | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 12. Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2023 година | | Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна контрола во јавниот сектор |
| 13. Предлог-уредба за управување со проекти за јавни инвестиции | | Сектор за управување со јавни инвестиции |
| 14. Ревидиран Акциски план за спроведување на препораките од Процената за управувањето со јавни инвестиции | | Сектор за управување со јавни инвестиции |
| 15. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош - ИПА 3 | | Сектор за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| | 16. Информација за состојбата со капацитетите во структурите на ИПА, трендот на одлив и/или прилив на човечки капитал во структурите на ИПА/ИПАРД и дефинирање на следните чекори за негово задржување во постојните структури на ИПА/ИПАРД | Сектор за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| | 17. Информација за статусот на имплементација на ИПА 2 и преглед за процена на ризикот од неискористувањето на средствата од ИПА до крајот на 2024 година | Сектор за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| | 18. Предлог-закон за системот за заштита на депозити | Сектор за финансиски систем |
| 19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија | | Сектор за финансиски систем |
| | 20. (нов) Предлог-закон за банките | Сектор за финансиски систем |
| 21. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за банките | | Сектор за финансиски систем |
| 22. Предлог-одлука за дваесет и трета емисија на обврзници за денационализација | | Сектор за финансиски систем |

| | | |
|---|---|---|
| | 23. Предлог-закон за финансиски арбитер | Сектор за финансиски систем |
| | 24. (нов) Предлог-закон за осигурување | Сектор за финансиски систем |
| | 25. Предлог-закон за дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва | Сектор за финансиски систем |
| 26. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење | | Сектор за финансиски систем |
| | 27. (нов) Предлог-закон за сметководство | Сектор за финансиски систем |
| | 28. (нов) Предлог-закон за ревизија | Сектор за финансиски систем |
| | 29. Предлог-закон за алтернативни инвестициски фондови | Сектор за финансиски систем |
| | 30. Предлог-закон за дополнување на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници | Сектор за финансиски систем |
| 31. Предлог-програма на економски реформи 2024 – 2026 година | | Сектор за економска политика и развој |
| | 32. Информација за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) 2025 - 2027 година со Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економскиот и финансиски дијалог со Европската Унија од мај 2024 година | Сектор за економска политика и развој |
| 33. Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија | | Сектор за економска политика и развој |
| 34. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 35. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 36. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (трет квартал) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 37. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (четврти квартал) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 38. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2025 година | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |

| | | |
|---|---|---|
| | 40. Предлог-закон за административна соработка за даночни цели | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 41. Предлог за изменување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за периодот 2021 - 2025 година | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 42. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 43. Предлог-правилник за спроведување на Законот за данокот на додадена вредност | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 44. Информација за донесување Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2025 - 2027 (со изгледи до 2029 година) | | Сектор за управување со јавен долг |
| 45. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2023 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 46. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг | | Сектор за управување со јавен долг |
| 47. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 48. Полугодишен извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет | | Сектор за трезор |
| 50. Годишен извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет | | Сектор за трезор |
| 51. Предлог-фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочниот период 2025 - 2029 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 52. Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2025 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 53. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 54. Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 55. Предлог-завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година | | Сектор за буџети и фондови |
| | 56. Предлог-план за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори | Сектор за буџети и фондови |
| 57. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година | | Сектор за буџети и фондови |

| | | |
|---|---|---|
| | 58. (нов) Предлог–закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Сектор за буџети и фондови |
| | 59. Предлог-закон за управување со општински долгови | Сектор за буџети и фондови |
| 60. Информација за преземени активности за исполнување на условите Општина Пласница да влезе во втората фаза на фискална децентрализација | | Сектор за буџети и фондови |

| Иницијативи кои не биле предвидени согласно Годишната програма за работа на Владата за 2024 година, а биле доставени | Образложение | Организациона единица |
|---|---|---|
| 1. Информација за постапување на министерствата по заклучокот бр.2 по усвоениот „Годишен извештај за функцинирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2021 година“ од страна на Владата на Република Северна Македонија на Седумдесет и деветтата седница одржана на 6 септември 2022 година | | Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |
| 2. Предлог-одлука за формирање Совет за управување со јавни финансии | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 3. Информација за потребата од назначување агент за процесни услуги на ЈП за државни патишта како заемопримач и Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии како гарант во обезбедувањето заем од Експорт – импорт банка на Кина за дополнително финансирање на „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“ | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 4. Предлог-одлука за именување гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународна банка за обнова и развој, Меѓународно здружение за развој, Меѓународна финансиска корпорација и Мултилатерална агенција за гарантирање на инвестициите | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 5. Предлог-одлука за именување гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 6. Предлог-одлука за зголемување на капиталот на Европската банка за обнова и развој со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија | | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Информација за потребата од склучување Амандман бр.6 на Договорот за партнерство за развој меѓу Р. Северна Македонија и САД | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 8. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договорот за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 9. Информација за потребата од обезбедување втор заем од Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, за буџетско финансирање и финансирање на општи цели | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 10. Информација за заемот за проектот „Воведување брз автобуски превоз во Град Скопје“ | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 11. Предлог-закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи помеѓу Европската инвестициска банка и Акционерското друштво за вршење енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 12. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 13. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 14. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор | | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| 15. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 16. Информацијата за потребата од примена на посебни правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 17. Информација за потребата од потпишување Меморандум за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 18. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договорот за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 19. Информација за потребата од склучување Договор за обесштетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 20. Информација со Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово, општина Берово, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии | | Сектор за управување со средства |
| 21. Информација со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии | | Сектор за управување со средства |
| 22. Информација со Предлог-одлука за давање под закуп објекти од траен карактер на граничните премини за патен сообраќај | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 23. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2023 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата донесени по точка 14 на 189-та седница одржана на 3-ти октомври 2023 година | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |

| | | |
|---|---|---|
| 24. Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 25. Усогласување на Законот за даночната постапка со Законот за организација и работа на органите на државната управа | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 26. Усогласување на Законот за административните такси со Законот за организација и работа на органите на државната управа | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 27. Усогласување на Законот за управата за јавни приходи со Законот за организација и работа на органите на државната управа | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, по скратена постапка | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 29. Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постака | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 31. Закон за минимален глобален данок на добивка (*) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 32. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар - објект запишан во ИЛ 251, КП 2720, КО Радожда, Струга – граничен премин Ќафасан со предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Царинската управа на РСМ | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 33. Информација со Предлог-заклучок за донесување Одлука за начинот на финансирање на новиот Национален едношалтерски систем (НЕС) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 34. Предлог-одлука за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | | Сектор за буџет и фондови |
| 35. Информација за пријавени неизмирени обврски за периодот декември 2019 година - јануари 2024 година | | Сектор за буџет и фондови |
| 36. Изјава за фискална политика | | Сектор за буџет и фондови |
| 37. Измена на Законот за буџети | | Сектор за буџет и фондови |
| 38. Закон за изменување и дополнување на Законот за буџети | | Сектор за буџет и фондови |
| 39. Закон за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос | | Сектор за буџет и фондови |

| | | |
|---|---|---|
| 40. Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Со измените се уредува прашањето за распределба на капиталните дотации до општините („Службен весник на РСМ“ бр. 170/24) | Сектор за буџет и фондови |
| 41. Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) | Сектор за буџет и фондови |
| 42. Информација во врска со канцелариското и архивското работење на Министерството за финансии од 1 јануари 2024 година | | Сектор за општи работи |
| 43. Информација за потребата од донесување Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии со Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии (КО Делчево) | | Управа за имотноправни работи |
| 44. Информација за потребата од донесување Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии со Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии (КО Охрид) | | Управа за имотноправни работи |
| 45. Информација за потребата од донесување Одлука за утврдување на работите од премерот во функција на запишување недвижност во сопственост на Република Северна Македонија | | Управа за имотноправни работи |
| 46. Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | | Управа за имотноправни работи |
| 47. Донесена Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Штип | | Управа за имотноправни работи |
| 48. Донесена Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Охрид | | Управа за имотноправни работи |
| 49. Донесена Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Делчево | | Управа за имотноправни работи |

| | | |
|---|---|---|
| 50. Информација за Акцискиот план 2024 - 2025 година за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 51. Информација за спроведената ревизија на наменското трошење на средствата од Буџетот во Министерството за финансии, по Заклучок од 6-та седница на Владата одржана на 16.7.2024 година | Владата на 6-та седница одржана на 16.7.2024 година ги задолжи сите буџетски корисници да спроведат вонредни ревизии на наменското трошење на финансиските средства од Буџетот и да достават информација до Владата | Сектор за внатрешна ревизија |
| 52. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар | | Сектор за управување со јавен долг |

## 2.3 Оценка на спроведувањето на другите активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Административна и информатичка поддршка на Министерството со цел непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки и изготвување акти за канцелариско и архивско работење | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.3.1 Програма: Администрација и поддршка** | **Цел на програмата:**<br>Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството и во субјектите со кои има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии | **Одговорен:**<br>– Сектор за прани работи<br>– Сектор за општи работи<br>– Сектор за управување со човечки ресурси<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Сектор за ИТ технологија и дигитализација<br>– Одделение за стратешко планирање<br>– Сектор - Академија за јавни финансии |
| **2.3.1.1 Потпрограма: Правни работи** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори | **Одговорен:**<br>– Сектор за правни работи |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и на планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за јавни набавки за 2024 година | Донесен Годишен план за јавни набавки за 2024 година во предвидениот законски рок и континуирана реализација на Планот за јавни набавки | Собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на организационите единици за потребата од набавка на стоки, услуги и работи | Годишниот план за јавни набавки на Министерството за финансии е донесен во законскиот рок согласно Законот за јавните набавки |
| Спроведување на отпочнатите незавршени постапки за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година и спроведување на постапките за јавните набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2024 година | Завршени постапки започнати согласно Годишниот план за јавните набавки за 2023 година<br>Завршени постапки започнати согласно Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, со исклучок на 18 (осумнаесет) постапки кои се во завршна фаза | Континуирано спроведување на постапките за јавните набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година | |
| Следење на реализацијата на Годишниот план за 2024 година | Завршување на постапките за јавни набавки предвидени во ГПЈН за 2024 година | Континуирано спроведување на постапките за јавни набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.3.1.2 Потпрограма: Општи работи | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | Одговорен:<br>- Сектор за општи работи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки склучени согласно годишните планови за јавни набавки за претходните години и договорите за јавни набавки што ќе се склучат согласно Годишниот план за јавни набавки за 2024 година | Во текот на 2024 година се следеше реализацијата на вкупно 147 договори за јавни набавка склучени во 2021 (1), 2022 (19) 2023 година (72) (кои се реализираа и во текот на 2024 година) и на склучените договори во 2024 година (55). Реализацијата се вршеше со изготвување порачки за нив, притоа се следеше реализацијата да биде согласно склучените договори и навремено се вршеше евидентирање во воспоставените евиденции во Секторот за општи работи | Склучените договори за јавни набавки во 2021, 2022 и 2023 година (кои се реализираа и во текот на 2024 година) и договорите за јавни набавки склучени во 2024 година се реализираа целосно и навремено, согласно искажаните потреби на секторите во МФ | |
| Спроведување постапки, склучување договори и следење на реализацијата на договорите чија постапка се спроведува без примена на ЗЈН во 2024 година | Во текот на 2024 година беа склучени 4 договори надвор од Законот за јавни набавки, и тоа:<br>1. Договор за претплата на електронската база на прописи на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“<br>2. Договор за изнајмување паркинг простор во катнатата гаража „Беко“ за потребите на службените возила на Министерството за финансии<br>3. Договор за вработените во Министерство за финансии за користење паркинг во катната гаража „Беко“<br>4. Договор за поштенски услуги за поштенски пратки до 50 грама | | |
| Следење на реализацијата на договорот склучен со СОЗР за 2024 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2024 година | Договорот се реализираше во согласност со одредбите од Договорот склучен со СОЗР за 2024 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2024 година | | |
| Изготвување Решение за определување на видот на предметите за кои се води попис на документи/записи за 2025 година | Се наведуваат документите, односно записите од ист вид што произлегуваат во поголем обем и за кои се води попис | Се даваат информации за документите, односно записите што произлегуваат во поголем обем и кои ќе се водат во попис на документи/записи | Изготвување Решение за определување на видот на предметите за кои се води попис на документи/записи за 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување/подготовка на План на архивските знаци за 2025 година | Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерството за финансии | Се даваат информации за архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерство за финансии | Изготвување/подготовка на План на архивските знаци за 2025 година |
| Изготвување/подготовка на Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2025 година | Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување | Се даваат информации за документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување | Изготвување/подготовка на Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2025 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.3.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии | Донесен Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | Дел од вработените посетуваа генерички обуки согласно Годишниот план |
| Изготвување Годишен план за годишни одмори во Министерството за финансии | Донесен Годишен план за годишни одмори во Министерство за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за годишни одмори во Министерство за финансии е донесен во планираниот рок | Континуирано се изготвуваат решенија за користење на годишниот одмор |
| Изготвување решенија за користење годишен одмор за сите вработени во МФ | | | Континуирано се изготвуваат решенија за користење годишен одмор |
| Изготвување Годишен план за вработување за 2025 година | Донесен Годишен план за вработување за 2025 година во предвидениот рок | Годишниот план за вработување на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |
| Спроведување постапка за управување со ефектот на вработените | | | Постапката е спроведена во законски утврдениот рок |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>Приоритетна цел:<br>– Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст<br>– Постигнувањето на оваа цел ќе значи подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија. | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси<br>– Воведување на буџетското финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност)<br>– Квалитетно управување со координативните структури, зајакнување на процесот на планирање, подготовка, доследно следење на спроведувањето и известување за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.5 Програма: Финансиски систем** | **Цел на програмата:**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарскиот систем и небанкарските институции, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата, платниот промет и игрите на среќа со законодавството на ЕУ, согласно приоритетите на Владата на РСМ, и создавање услови за ефикасно функционирање на финансиското работење | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски систем |
| **2.3.5.1 Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Континуирано усовршување и усогласување на регулативата од областа на банкарскиот систем и небанкарските институции | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски систем |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Донесување решенија за работа на друштвата за финансиски лизинг/разгледување на барањата и издавање дозволи за работа и согласности на друштвата за финансиски лизинг | Донесени решенија | Донесени решенија:<br>- Решение за согласност за член на орган на управување на давател на финансиски лизинг – 2 (две)<br>- Решение за согласност за промена на основна главнина на давател на финансиски лизинг – 2 (две) | Континуирано |
| Донесување на решенија за работа на финансиските друштва / Разгледување на барања и издавање на дозволи за работа и согласности на финансиските друштва | Донесени решенија | Донесени решенија:<br>- Решение за согласност за член на орган на управување во финансиско друштво – 10 (десет)<br>- Решение за согласност за промена на основната главнина на финансиско друштво – 19 (деветнаесет)<br>- Решение за согласност за промена во сопственичката структура на финансиско друштво - 4 (четири)<br>- Решение за одземање дозвола за основање и работа на финансиско друштво – 8 (осум)<br>- Решение за одземање  согласност за вршење финансиска активност - издавање кредитни картички – 15 (петнаесет) | Континуирано |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| **2.3.5.4 Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Континуирано усовршување и усогласување на регулативата од областа на игрите на среќа и забавните игри | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски систем |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување решенија дозволи и предлог-лиценци за приредување игри на среќа | Изготвени решенија, дозволи и лиценци за игри на среќа | Во текот на 2024 година беа изготвени 940 решенија, издадени 144 дозволи и 5 лиценци за игри на среќа, како и 3 одлуки за одземање лиценци | Континуирано |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Донесување на подзаконските акти за приредување интернет игри на среќа | | | Нема да се реализира |

# 3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## 3.1 Извештај за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2024 година

Во извештајот за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2024 година, остварените активности се прикажани по следните основи, и тоа:

Табела 1. Реализирани распоредувања и/или унапредувања во рамките на институцијата

| Распоредувања | Унапредувања | Вкупно |
|---|---|---|
| 53 | 5 | 58 |

Табела 2. Реализирани распоредувања и/или унапредувања по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | Власи | Роми | | Бошњаци | | Други | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 17 | ж. 31 | м. 5 | ж. 3 | м. / | ж. / | м.1/ ж./ | / | м. / | ж. / | м. / | ж. 1 | / | м. 23 | ж. 35 |
| **Вкупно** | **48** | | **8** | | **/** | | **1** | **/** | **/** | | **1** | | **/** | **58** | |

Табела 3. Престанок на работен однос по причина

| **Старосна пензија** | **Спогодбен престанок** | **Смрт** | **Неоправдано отсуство или по судска одлука** | **Мобилност** | **По барање на вработениот** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 6 | 1 | 5 | 4 | 8 | **42** |

Табела 4. Престанок на работен однос по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 12 | ж. 19 | м. 2 | ж. 5 | м. 1 | / | м. 1 ж. 1 | / | / | / | ж. 1 | м. 16 | ж. 26 |
| **Вкупно** | **31** | | **7** | | **1** | | **2** | **/** | **/** | **/** | **1** | **42** | |

Табела 5. Реализирани нови вработувања во институцијата по работни места

| **Помошник раководител на сектор** | **Раководител на одделение** | **Советник** | **Виш соработник** | **Соработник** | **Помлад соработник** | **Самостоен референт** | **Виш референт** | **Помлад референт** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | 1 | 2 | / | / | 10 | 7 | 1 | 3 | 24 |

Табела 6. Реализирани нови вработувања во институцијата по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Власи | Роми | | Бошњаци | | Други | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 6 | ж. 10 | м. 5 | ж. 3 | м. / | ж. / | м. / | ж. / | / | м. / | ж. / | м. / | ж. / | м. / | ж. / | м. 11 | ж. 13 |
| **Вкупно** | **16** | | **8** | | **/** | | **/** | | **/** | **/** | | **/** | | **/** | | **24** | |

Табела 7. Реализирани преземања од други институции по работни места

| **Државен советник** | **Раководител на сектор** | **Помошник раководител на сектор** | **Раководител на одделение** | **Советник** | **Помлад соработник** | **Виш соработник** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | 1 | / | / | 2 | / | 1 | 4 |

Табела 8. Реализирани преземања од други институции по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | Срби | | Власи | Роми | Бошњаци | Други | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 1 | ж. 3 | м. / | ж. / | / | м. / | ж. / | / | / | / | / | м. 1 | ж. 3 |
| **Вкупно** | **4** | | / | | / | / | | / | / | / | / | **4** | |

## 3.2 Извештај за реализацијата на Годишниот план за обуки

Министерството за финансии има донесено Годишен план за генерички обуки на административни службеници за 2024 година, со бр. 01-14257/1 од 22.12.2023 година, во согласност со член 58 став 1 од Законот за административни службеници и член 2 од Правилникот за содржината и формата на годишниот план за обуки на административните службеници и Извештајот за негова реализација и за него е добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација. Обуките за стручното усовршување на административните службеници се генерички и специјализирани и можат да се организираат во училница или преку интернет пристап од работното место на административниот службеник до електронскиот систем за управување со обуки.

Согласно Извештајот за реализацијата на Годишниот план за генерички обуки за 2024 година во Министерството за финансии, двајца административни службеника реализирале вкупно четири генерички обуки.

# 4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

- Енергетската криза, воениот конфликт во Украина, општата економска состојба во земјата и на меѓународно ниво, како и неизвесноста за нејзиното времетраење се дел од поголемите ризици.
- Заради изборниот процес кој се одвиваше во првата половина од годината, дел од планираните активности се реализираа со одложени рокови, дел ќе се реализираат во 2025 година, а мал дел од планираните активности воопшто нема да се реализираат.
- Недоволниот број вработени лица во одредени сектори и големата флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура во однос на зголемениот обем на работа претставува ризик во исполнувањето на мерките и резултатите.

# 5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Согласно резултатите од извршената анализа на обемот на работни места, а во насока на реализација на зацртаните цели и активности и за подготовка на наведените стратешки документи во Министерството за финансии и со цел намалување на флуктуацијата на човечки ресурси, потребно е постојано зајакнување на административните капацитети со доволен број стручни и професионално обучени службеници во одделни сектори и организациони единици.

Раководството на секторите/органот во состав треба да обезбеди доставување соодветни податоци во утврдените рокови, а притоа податоците да бидат комплетни, проверени, кратки, јасни и точни, претходно одобрени и од државниот секретар, затоа што од квалитетот и навременото доставување на податоците зависи и квалитетот и навременоста на Извештајот.

Раководството на секторите/органот во состав треба да обезбеди поголема посветеност, односно должно внимание при планирањето, реализацијата, следењето на реализацијата и отчетноста.

Треба да се преземаат дополнителни напори за реализација на планираните активности во утврдените рокови, односно почитување на роковите за навремено извршување на активностите, а воедно и да се испитаат причините и последиците од несоодветното реализирање или нереализирање на планираните активности, примената на соодветните предлози за нивно надминување и потоа да се преземат соодветни мерки.